Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, јануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).

Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76.0 до 94.0 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.

На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови со облачност помала од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најголем број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16 до 17 дена.

Сите досегашни метеоролошко-климатолошки податоци покажуваат дека во ова подрачје се сменуваат жежок, светол и сув летен период со не толку студен, влажен и тмурен период.

Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319% во Нов Дојран (од СЗ), 320‰ во Валандово (од СЗ) до 205‰ во Гевгелија (од С). Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3.8m/s во Нов Дојран (од СЗ), 3.5m/s и 3.4m/s во Гевгелија) од С и СЗ насока. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки: во Нов Дојран од СЗ, во Валандово од СЗ и во Гевгелија од СЗ и од С.

Според релјефот, општината Валандово се дели на два дела: ридско-планински и рамничарски. Првиот зафаќа 208 квадратни километри (63% од територијата), и тоа: целата северна страна оградена со планината Плавуш, источната страна кон планината Беласица и јужната страна кон Погана. Рамничарскиот дел зафаќа 123 квадратни километри (37%) и се протега од изворот на Анска Река, на подножјето на Беласица, по целиот нејзин тек, сè до нејзиното влевање во Вардар.

Просечната надморска височина на општината изнесува 226 метри, а на валандовското поле 82 метри, со што општината Валандово е една од најниските општини во Македонија.

Геолошкиот состав е разноврсен и богат така што овозможува експлоатација на минералното благо. Во прв ред, тука се неметалните појави, нарочно на украсен камен во кој спаѓаат: ортофирите, варолатите, мермерите, гранитот, габровите и анфиолитите. Долното Повардарие се одликува со просторни површини од ридско рамничарските терени, кои се издигаат до околу 600 м.н.в, на кои се развиваат полувијално - делувијални и циментно кафеави почви и планинско подрачје, од 600 - 2000 м.н.в, на кои доминираат кисело - кафеави почви. Во геолошки поглед теренитe се изградени претежно од габро и дијабаз, а делумно од гранити и карбонати.
Валандовската котлина располага со околу 4.000 ха обработливо земјиште во општествена сопственост, и околу 3.500 ха во приватна сопственост, претежно од колувиален и алувиален тип, а по изохипсите на околните ритчиња се протегат почви од типот на сироземи – недефинирани почви. Во Јужниот и централниот дел од котлината се среќаваат заблатени почви погребани од колувијални наноси.Средниот дел од котлината, помегу патот Валандово – Дојран се до месноста Страиште преовладуваат седиментни почви со висока подпочвена вода, за кој дел е неминовно потребн мелиоративен зафат.На потегот Страиште - Оранжерии до автопатот Скопје – Гевгелија, доминираат алувиални почви исклучувајќи ги двете страни од коритото на Анска Река каде доминираат колувијални наноси.На потегот Удово – Марвинци, помеѓу автопатот и реката Вардар, доминираат алувиални наноси, а од потегот Марвинци – Грчиште и Грчиште – Ѓавато, доминираат колувиални наноси. Во целина Валандовската котлина ја сочинуваат моќни - длабоки и плодни почви, а останатиот дел од почвите по изохипсите, и тоа околу 2.500 ха околу Валандовската котлина, се застапени сироземи и наносни почви со покрупни механички елементи, погодни за лозови и овошни насади. Валандовската котлина е опкружена од северната страна со Голаш и Градечка планина, од исток со ограноците на Беласица, од југ со Казандолски Рид а од запад со реката Вардар.

4. Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на животот на човекот и начинот на употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат

На просторот на денешно Валандово во античко време постоела римска населба, за што сведочат откриените римски мозаици и други археолошки материјали во разните делови на градот. На подрачјето на Општина Валандово биле откриени четириесет археолошки локалитети, меѓу кои позначаен е античкиот град Исарот, кај селото Марвинци, кој се идентификува со древниот град Идомена чие потекло било од крајот на 5 век п. н.е. и се наоѓал на патот Солун - Белград. Градот доживеал процут во римско време, но во почетокот на 6 век бил разурнат од силен земјотрес.

По исчезнувањувањето на античкиот град Исарот, во значајна стратешка населба во Валандовската котлина прераснало Валандово. Одделни изворни материјали и преданија говорат дека античкиот град врз чии темели лежи денешно Валандово, во раниот византиски период бил споменуван со името *Микро Константинопол* (Мал Цариград). Словените се населиле во Валандово и во неговата околина кон крајот на 6 век или во почетокот на 7 век. Тогаш биле забележани големи промени, како во однос на структурата на населението, така и во менувањето на топонимите на населените места. Во писмените извори градот првпат се споменува во 10 век со името *Валандер*. Но, тоа не значи дека Валандово како населба, не постоело и пред тоа. Потврда се археолошките наоди во градот. Името „Валандер" било добиено од „убавата местоположба на градот во долината". Убава долина или добра долина, на старословенски јазик значело *„валјан дол*" (*„валандол*" односно Валандово) . Инаку убавата валандовска долина ги имала и епитетите: „златна долина", „зелена долина" и сл.

Средновековно Валандово било споменувано и со името *Алавандово*, во значење на *„цветен град*" („град на цвеќето"). Под ова име градот бил споменат во една црковна повелба на српскиот цар Душан од 1349 година. Од зборот *„Алавандово*", со отпаѓање на првата буква „а" и преку метатеза на првите слогови, било добиено името Валандово.

Валандово во својата многувековна историја имало многу падови и подеми. Градот повеќепати настрадал од природни катаклизми (земјотреси, пожари, поплави, епидемии и сл.) како и од воени дејствија на туѓите освојувачи на овој простор. Во историјата на градот Валандово мошне е значаен 19 век, кога благодарение на погодната местоположба достигнал голем развој. Според кажувањата, тогаш во градот била развиена трговијата. Се извезувало: добиток, кожи, пастрма, масло, волна, свила, калинки, грозје и други земјоделско-сточарски производи, и тоа претежно во Солун.

Во 19 век Валандово било многу важно транзитно-сообраќајно место. Во патните правци север-југ секојдневно се движеле трговци и кираџии, со карвани и запрежни коли, натоварени со трговска стока. Ова многу придонело во Валандово да живне стопанската активност, да се развијат трговијата и занаетчиството.

Денешното Валандовско административно–територијално (општинско) подрачје се наоѓа на јужниот дел на Македонија, во областа Бојмија, распространето на југ од Демиркаписката Клисура, источно од реката Вардар и на запад и север од планинските огранки на Плавуш и Беласица. На север од валандовскиот крај се протега Тиквешката област односно Неготинското општинско територијално подрачје. Нив ги дели планинската теснина на реката Вардар формирана од краиштата на Кожуф планина. Валандовската котлина има доста ниска надморска височина. Градот е оддалечен 23 километри југозападно од Струмица, 25,5 километри североисточно од Гевгелија и 18 километри северно од Нов Дојран.

Просторот кој е предмет на Генерален урбанистички план на град Валандово, Општина Валандово се наоѓа во КО Валандово, во Општина Валандово. Главна сообраќајна поврзаност на градот е преку регионалниот пат кој минува низ градот Р1401- (Струмица - врска со А4 - Раброво- Валандово- Балинци- Марвинци - врска со Р1102).

Сообраќајно-транспортните врски отсекогаш биле многу значајни за територијата на Општина Валандово. Притоа треба да се спомне дека стратешката местоположба овозможува брза и квалитетна комуникација. Од аспект на сообраќајната комуникација, регионот е добро поврзан и е на задоволително ниво. Поврзаноста со другите регионални центри и главниот град на државата е добра.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните примени и просторната диструбуција на населението.
Врз основа на анализа на бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и пдвижноста на населението, треба да се покаже просторно - временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.
Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинставата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Поради отсуство на официјални пописни податоци за изминативе години, користени се податоци од последниот Попис од 2002г.

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во градот Валандово биле регистрирани вкупно 4.402 жители и спаѓал во групата на мали градови.
Вкупно за Општината Валандово, бројот на жители изнесува 11890, од кои 45.7% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Од податоците од постоечката состојба, може да се констатира дека бројот на вкупното население се намалува. Тоа е посебно изразено во малите општини и населени места, поради економска миграција на населението посебно на младата популација и тоа воглавно на миграција надвор од државата. Статистичките податоци не ги опфаќаат миграциските и емиграциските показатели и тие не влегуват во вкупната бројка на населението.
Старосната структура на населението во основа е определена од интензитетот на природниот прираст и механиччкото движење на населението.
Анализата на старосната структура е битна од повеќе аспекти. Според неа се споредуваат одделните контингенти на населението (предучилишни, училишни, работоспособни, активни, издржувани и слично) како и други значајни елементи за социодемографско планирање.

Општата и стопанска развиеност на едно подрачје директно влијае врз начинот на организирање на семејството, односно со растот на општеството, економскиот развој, доаѓа до распаѓање на големите семејства со тенденција на нивно сведување на потесно семејство во кое живеат само родителите со децата.
Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економскиот развој на Републиката.

Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимизација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и

општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој во Републиката. Менувањето на сегашните однесувања на обновување на населението и потребата од создавање модел на современо семејство, претставува долгорочен и сложен процес на усогласување на личните и заеднички потреби и интереси на граѓаните. Како демографска рамка на вкупната расположлива понуда на работната сила, населението е значајна категорија која треба да се има предвид при апроксимација на потенцијалните работни ресурси. Од обемот и интензитетот на приловот на новите генерации зависи и потребата од поголем степен на активирање на работоспособни лица.

Прирастот на населението за период од 17 години (од 2002 год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Во опфатот на град Град Валандово инвентаризирани се околу 1435 објект/станови за домување. Доколку се земе како влезен податок дека во еден објект/стан живее по едно семејство, а просекот на број на членови би изнесувал 3,5, добиена е бројка од 5023 жители.

Табела 1: Вкупен број на жители и просечен број на членови по семејство, попис 2002 год.

	град Валандово
Вкупен број на жители	4402
Просечен број на членови по семејство	3,5
Просечен број на семејства	1258

Табела 2: Вкупен број на жители и просечен број на членови по семејство, апроксимација 2020 г.

	град Валандово
Вкупен број на жители	5023
Просечен број на членови по семејство	3,5
Просечен број на семејства	1435

Најважни категории на демографската-економската структура претставуваат работо-способниот и активниот контингент на населението.
Учеството на работоспособно население во вкупното население на определена агломерација е многу важна детерминанта во нејзиниот стопански развој.
Работната сила како непосреден носител на сите активности се регрутира од контингент на работоспособно население т.е. од мажите на возраст од 15-64 години и жените на возраст од 15-59 години.
Големината на работоспособниот контигент е определена од динамиката на природниот прираст и од старосната структура на определен популациски контингент. Активното

население е условено од демографските фактори од вкупната економска состојба на градот и пошироко.
Во однос на економската активност, населението (според Пописот) е групирано во две основни групи: активно и неактивно население. Активното население го сочинуваат лицата на возраст од 15 години и повеќе и тоа:
- лица кои вршат занимање - работен однос или самостојно;
- лица кои не вршат занимање - лица кои прекинале работа поради банкротирање на работодавецот, сезонски карактер на работата, лица кои чекаат да отпочнат со нова работа, ученици, студенти, пензионери, домаќинки, невработени и другу лица кои бараат работа.
Неактивно население го сочинуваат лицата кои не се вработени и лицата прекинале со работа и кои не бараат работа (домаќинки - ангажирани на должности во рамките на домаќинството во нивниот сопствен дом, лица на отслужување воен рок, лица на издржување казна затвор, лица трајно неспособни за работа, ученици, студени и др.)

Нивото на писменоста на населението и степенот на неговото образование представуваат основни културни белези преку кои едновремено се оценува и степенот на развојот на определено подрачје.
И покрај напорите кои општеството ги вложило во изминатиот период, сеуште не може да се рече дека неписменоста и искоренета. Како писмено се смета секое лице кое завршило повеќе од 3 одделенија основно училиште. Исто така, како писмено се смета и секое лице без школска подготовка и со 1-3 одделение основно училиште ако може да прочита и напише писмо, без оглед на кој јазик и писмо умее да чита и пишува.
За согледување на културните белези на населението како комплекс кој има значително влијание врз другите компоненти, дадени се податоци за школската подготовка и писменост.

Државниот завод за статистика не ја обработува образовната структура на населението по населени места туку по општини. Од овие причини не е можно да се направи прецизна анализа на образовниот профил на населението на територијата на планскиот опфат за град Валандово,туку истиот ќе биде направен за вкупната територија на општината. Сепак сликата за состојбите во образовната структура на територија на општинита ќе даде приближна слика и за состојбите на територијата на планскиот опфат, со можни мали отстапувања во делот на високото образование каде вкупниот број на населението со високо образование е помала во руралните средини. Согласно податоците од пописот на населението од 2002 година, распоредот на писмени и неписмени по полова структура е следнава:

Општина Валандово	**Вкупно**		**Мажи**		**Жени**	
	Писмени	**Неписмени**	**Писмени**	**Неписмени**	**Писмени**	**Неписмени**
	10293	254	5385	75	4908	179

Поради застареноста на податоците од пописот на населението, претпоставка е дека сегашната бројка на граѓани со завршено средно и високо образование ќе биде повисока од причини што и средното образование е задолжително за сите граѓани од 2008 година и поради стимулативната државна политика за упис во високо – образовните институции, исто така бројката на лица со стекнато магистратура и докторат би требало да биде драстично поголема за разлика од 2002 год. Од овие причини и бројката на лица без училиште би требало да биде намалена.

Образование
Во планскиот опфат постои јавна установа за деца – под име детска градинка "Калинка", каде што егзистираат 13 групи, а вкупно згрижуваат 225 деца. Нивната основна дејност е згрижување, престој, нега, исхрана, организирање и реализирање на

повеќе активности како што се воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни и други активности.

Во планскиот опфат егзистира Основно училиште "Јосип Броз Тито", со 22 паралелки и вкупно 364 ученици, како и Средно училиште "Гоце Делчев", со 16 паралелки и вкупно 228 ученици.

Јавни институции
Во град Валандово функционираат еден ЈЗУ "Здравствен дом - Валандово", каде има 56 вработени. Во Здравствен дом - Валандово функционираат следните служби: Итна медицинска помош; Превентивна здравствена заштита на предучилишни и училишни деца; Превентивна стоматолошка заштита на деца; Поливалентна патронажа; Вонболничко породилиште и ги има следните специјалистички служби: Интерна медицинска со дијабетолошка амбуланта; Рентген дијагностика; Лабораториска дијагностичка дејност; Физикална медицина; Депо за лекови (прирачна аптека).

Административно управни објекти се Општина Валандово, Собранието на Општината, МВР - ПС Валандово, Територијална противпожарна единица Валандово, Јавно комунално претпријатие „Комунален Сервис" Валандово, АД Водостопанство на Македонија Подружница Валандово и др.

Општина Валандово е една од најстарите градски општини во република Македонија, со свои традиции, обичаи и богат културен живот. Културниот центар ,,25-ти Мај,, е формиран е во 1983 година, со здружување на киното ,,Хром,, , пионерскиот дом и локалната радио – станицата. Како културна институција има доминантно место во Општината и дава значаен придонес во збогатувањето на културно-забавниот живот на граѓаните. Во составот на домот работи и Матична библиотека ,,Гоце Делчев,, од Валандово. Инаку во неговите простории се сместени повеќе културни институции и организации : ,,Музејска збирка,, ,,Фолк Фест,, Валандово, КУД ,, Гоце Делчев,, Валандово, ,,Распеани Валандовчани,, , Радио Валандово.

Позначајни верски објекти се црквите „Св.Димитрија Солунци" и „Прерождество на пресвета Богородица".

Стопанство
Главна стопанска гранка на населението е земјоделството особено одгледување на житни култури, винова лоза, бостан, градинарски култури (пиперки, домати), тутун и др. Производството се врши со суровини набавени од локални произведувачи и произведувачи од струмичкиот регион. Најчесто произведувани производи се познатите традиционални специјалитети како што се ајварот, летниот пиңур, лутеницата, различните видови слатко и други производи. Дел од компаниите за преработка на овошје и зеленчук на територијата на град Валандово се: „Дием-ГП", „Дим Комерц" компании кои се занимаваат со преработка на овошје и на зеленчук., постојат и индустриски капацитети од прехранбената (фабриката за кондиторски производи „9 Ноември") и текстилната индустрија, а работат и повеќе доста успешни приватни фирми од областа на винарството, цигарите и тутунопроизводството, кои имаат поволни услови за развој поради близината на Валандово до грчката граница.

5.Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изграденият градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура

За целосно согледување на постојната состојба во границите на планскиот опфат направени се детални истражувања.
При увид на самото место инвентаризиран е секој поединечен објект со сите негови карактеристики како и начинот на користење на земјиштето.
Добиените податоци од извршените истражувања на просторот се прикажани табеларно како и на графички прилози.

Со анализата извршена е обработка и класификација на добиените податоци, при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, диспозиција на функции во локалитетот и друго.

Поголем дел од подрачјето на планскиот опфат претставува изградено земјиште, претежно со реализирани објекти за домување. Станбениот фонд го чинат семејни куќи кои опфаќаат најголем процент од вкупната површина за домување.

Во рамките на градскиот центар концентрирани се поголем дел од јавните институции. Северно и јужно од градското јадро доминира станбена структура. Во југозападниот дел и западниот централен дел од планскиот опфат се лоцирани индустриски зони.

Во однос на квалитетот на изграденият градежен фонд станува збор за збиеност на објектите, тесни пристапи на мали меѓусебни растојанија, изразено во градското јадро и северно од него со доминантна намена домување во станбени куќи, има добра опслуженост со комунална инфраструктура. Останатиот дел од планскиот опфат го сочинуваат објекти домување во станбени згради, мали и комерцијални дејности, големи трговски единици, големи угостителски единици, деловни намени, хотели, образование и наука, здравство и социјална заштита, култура, државни институции, верски институции, лесна и незагадувачка индустрија; сервиси; стоваришта; меморијални простори, комунална супраструктура; и неизградено земјиште.

Домување

Домувањето е еден од најзначајните елементи на просторното и урбанистичко планирање.Во функционалната структура на урбаните населби ангажира најголем дел од вкупната површина на изграденото земјиште.

Домувањето во станбени куќи е најзастапено во планскиот опфат 30,56%, односно со 54,53ха.
Додека домувањето во станбени згради е со изразито помало учество во планскиот опфат со 1,17%, односно 2,08ха.

Според горенаведените податоци за движењето на бројот на жители, според пресметаните вредности и апроксимацијата, бројот изнесува 5023 жители за 2020 година.
Пресметаната густина на населеност како количник од бројот на жители и површините под група на класа на намени А- домување (56,61ха) на ниво на плански опфат изнесува 89 жители/хектар.

Бесправно изградените објекти најчесто се лоцирани на земјиште во приватна сопственост, а истите се објекти од цврста градба, со масивна или скелетна конструкција и најчесто опремени со инсталации.

Комерцијални и деловни намени

Во планскиот опфат егизистираат мали комерцијални и деловни дејности, големи трговски единици во кои спаѓаат сите видови на трговија на мало која се оставува на

постојниот пазар на отворено, и објекти со големи специјализирани продавници или супермаркети.
Исто така затекнати се објекти во кои има угостителски дејности односно дискотека.
Во централното јадро егзитираат објекти во кои се одвиваат деловни дејности во големи канцелариски простори од управни или администитративни згради. Во самот центар има постоечки објекти - хотел кој има различни содржини од услужен карактер.
Вкупната површина за оваа намена изнесува 1,44ха, односно 0,81% од опфатот.

Јавни институции
Општествениот стандард како комплекс од функции во доменот на општествената надградба произлегува од специфичностите на поднебјето, културно - историскиот развој, местоположбата на градот во поширокото опкружување, достигнатиот степен на развиеност и опременост со капацитети и општествено прифатени критериуми и стандарди во доменот на образованието, културата, здравството, социјалните грижи и др. Тој се базира на достигнатото ниво на развојот на кој се надоврзуваме и е во директна корелација со претпоставените за идниот демографски развој, развојот на домувањето и стопанските дејности, како и со влијанието на специфичностите на начинот на живењето.

Образованието на населението се обавува преку системот на образовните установи - училишта (за основно, средно, вишо и високо образование). Од сите наброени степени на образование основното и средното образование се задолжителни и бараат целосно вклучување на сите деца на возраст од 6-18 години, додека пак во останатите степени корисниците се вклучуваат зависно од можностите и желбите.

Училишната мрежа за основно образование ја сочинува основното училиште "Јосип Броз Тито", со 22 паралелки и вкупно 364 ученици.
Вкупната површина на основната класа на намена В1 - образование и наука – основно образование изнесува 1,58ха.
Според стандардите и нормативите на урбанистичко планирање стандардот за пресметување на најмалата површина на градежната парцела треба да изнесува најмалку 20м2/ученик.

Средно училиште е "Гоце Делчев", со 16 паралелки и вкупно 228 ученици, со вкупна површина од 1,83ха.
Според стандардите и нормативите на урбанистичко планирање стандардот за пресметување на најмалата површина на градежната парцела треба да изнесува најмалку 25м2/ученик.

Здравствената заштита се одвива во ЈЗУ "Здравствен дом - Валандово", каде има 56 вработени, зафаќа површина од 1,29ха.
Динамиката за развојот на социјалната заштита е во непосредна зависност од општествениот економски развој на општината и интензитетот на социјалните појави и проблеми настанати како последица на општествените движења.Во основа , напорите кои на овој план општеството ги вложува ориентирани се на создавање на услови за јакнење на материјалната положба и животниот стандард на корисниците на социјалната заштита.

Предучилишното образование и воспитување на децата претставува една од темелните функции во градењето и развојот на детската личност. На територијата на градот Валандово оваа дејност се одвива во - детска градинка "Калинка", каде што егзистираат 13 групи, а вкупно згрижуваат 225 деца.Површината за детски градинки изнесува 0,6ха.

Според стандардите и нормативите на урбанистичко планирање стандардот за пресметување на најмалата површина на градежната парцела треба да изнесува најмалку 35м2/дете.

Во проследните години со промената на начинот на живот и општите социо-економски состојби на населението, нагло се зголемува бројот на деца што престојуваат во предшколските институции. Зголемениот број на деца врши дополнителен притисок врз капацитетот на постојните објекти и неминовна е потребата од планирање на нови површини и објекти за детски градинки.

Во основна класа на намена Државни институции опфатени се; општинска зграда и објектите во надлежност на Локалната самоуправа, домови на урбаните заедници, социјални работи, државни органи - подрачни единици на министерствата, агенции и слично, правосудство и итн.

Духовната култура како дел од општата човекова култура има и свои потреби од простор во рамките на градското ткиво покрај веќе ангажираните површини.
Верските објекти претставуваат места каде граѓаните ги остваруваат своите религиозни и одредени ритуали, во зависност на која религиозна група припаѓаат. Во градот Валандово регистрирани се следните верски објекти „Св.Димитрија Солунци" и „Прерождество на пресвета Богородица".
Вкупната површина за јавни институции изнесува 6,78ха, односно 3,80% од опфатот.

Производство, дистрибуција и сервиси
Намените кои припаѓаат на производство, дистрибуција и сервиси се во рангот на лесна и незагадувачка индустрија, претежно прехрамбена, и зафаќаат површина од 9,34ха, односно 5,24% од опфатот.

Зеленило и рекреација
Зеленилото во структурата на градскиот организам претставува важна компонента за зачувување и унапредување на животната средина.Во планскиот опфат нема засебно дефинирани парковски простори, освен во рамки на дефинираните намени на јавните институции.
Во непосредна близина на верскиот објекти „Св.Димитрија Солунци",егзистираат меморијални простори (гробишта), со површина од 0,63ха односно 0,35% од вкупниот опфат.

Инфраструктура
Покрај комуналната инфраструктура, егзистира и комунална супраструктура (бензинска пумпа и технички преглед).
Вкупната површина за инфраструктура изнесува 17,55ха, односно 9,84% од опфатот.

Нерегулираните корита на река Странец и суводолицата во северниот дел од опфатот зафаќаат површина од 2,60ха, односно 1,46% од опфатот.
Неизграденото земјиште, во планскиот опфат зафаќа површина од 83,46ха, односно 46,78% од опфатот.

Реализација и намена на просторот
Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека 42,37% е градежно изградено земјиште, додека останатиот дел од планскиот опфат го сочинуваат комунална инфраструктура и неизградено земјиште (57,63%).

Покрај објекти за домување, во рамки на градот има реализирано објекти со мали и комерцијални дејности, големи трговски единици, големи угостителски единици, деловни намени, хотели, образование и наука, здравство и социјална заштита, култура, државни институции, верски институции, лесна и незагадувачка индустрија;, сервиси;, стоваришта;меморијални простори.

Во графичкиот прилог начинот на употреба на земјиштето е обележан со следните класи на намени, односно поединечните намени на градбите:

- А1 - домување во станбени куќи
- А2 - домување во станбени згради
- Б1 – мали и комерцијални дејности
- Б2 – големи трговски единици
- Б3 – големи угостителски единици
- Б4 – деловни намени
- Б5 – хотели
- В1 – образование и наука
- В2 – здравство и социјална заштита
- В3 – култура
- В4 – државни институции
- В5 – верски институции
- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија;
- Г4 – стоваришта;
- Д4 - меморијални простори
- Е2 - комунална супраструктура; и
- Н3 - неизградено земјиште.

Во однос на катноста, објектите се претежно приземни и два ката, а највисоките се до П+4 (приземје и четири ката).

6.Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно – историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)

Според доставените податоци од Министерството за култура на РМ - Управа за заштита на културното наследство (17-807/2 од 21.02.2019 год.), во рамките на планскиот опфат на ГУП за град Валандово , Општина Валандово има заштитени добра и добра за кои основано се престпоставува дека претставуваат културно наследство. Во границите на планскиот опфат се наоѓа археолошкиот локалитет "Зелениште" (4-804-101/10 ЕНД) и археолошкиот комплекс "Мозаици" (4-804-010/1 ЕНД).

За подрачјето на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план за град Валандово, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица има изработено Заштитно конзерваторски основи од 2019 година.

Бр.1.	
Назив	Археолошки локалитет ,,Зелениште"
Локација	Локалитетот се наоѓа во југоисточниот дел на градот Валандово, во дворот на здравствен дом
Катастарска парцела	КП 3335
Опис на содржините	Археолошкиот локалитет,, Зелениште" – Валандово претставува рано античка некропола. Погребувањата се датирани кон крајот на VI и раниот V век пр.н.е.
Време на настанување	Рана антика – архајски период (крајот на VI и почеток на V век пр.н.е.).
Граници на заштитено добро	КП 3335

Контактни зони	• На запад: дел од КП 3375/1

	• на југ: дел од КП 3428 и дел од КП 3267/1 • на исток: дел од КП 3303/1 ☐ на север: КП 3319/1, КП 3319/2, КП 3319/3, КП 3317/1, КП3317/2 и КП 3320
Површина на доброто	12931,48м^2
Вкупна површинана заштитеното добро	12931,48м^2
Автор	/
Време на настанување	крајот на VI и почеток на V век пр.н.е.
Намена	Археолошки локалитет
Вредности и значење	При изградба на болницата во Валандово, во мај 1984 година на локалитетот ,,Зелениште" зафатен е дел од нова, порано непозната некропола, при што се откриени неколку скелетни гробови – цисти. На некрополата ,,Зелениште" во Валандово се истражени само 9 погребувања, сите тие се датирани кон крајот на VI и раниот V век пр.н.е., без индиции за постоење на постари или помлади погребувања. Гробните конструкции во некрополата се масивни, градени од убаво обработени камени плочи – монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на контрукцијата било изведени со глина, така што остават впечаток од вистински саркофази. Ориентацијата им била единствена, во поравец запад-исток.
Состојба	Освен заштитните археолошки ископувања во мај 1984 година, не се вршени други истражувања на овој локалитет. На парцелата КП 3335 освен Болницата изградени се пристапни патеки и паркинг. Во последниве години не се вршени градежни активности на овој простор, кои би придонеле за нарушување на културните слоеви.

Локалитетот Зелениште не е откриен во целост и со овозможување на услови за истражување, локалитетот ќе се доистражи и ќе се дефинира во целост. Локалитетот поседува доволно елементи како некропола од архајски период за да се изврши негова валоризација.

Бр.2.	
Назив	Гробјанска црква Св. Димитриј
Локација	Црквата се наоѓа во северозападниот дел од градот, на карпеста падина под планината Плавуш.
Катастарска парцела	КП 2414/1
Опис на содржините	Трокорабна црква со полукружна апсида на источната страна. Во дворот на црквата има камбанарија изградена во 1898 година и на југоисточната и јужната страна има тремови изградени во 1936 годин. Во дворот на црквата уште има продавница за сваќи, канцеларии, трпезарија, крстилница, базен за фрлање на кротот за Водици, чешма и капела.
Време на настанување	Црквата е изградена во 1830 година. Натписот се наоѓа на јужната фасада под кровната конструкција.
Граници на заштитено добро	КП 2414/1

Контактни зони	• на запад: дел од 2414/2, • на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП 2002/1 ☐ на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот
Површина на доброто	1285 м^2 Земјиште под црква: 223 м^2 Помошни објекти: 274 м^2
Вкупна површина на заштитеното добро	1285 м^2
Автор	/
Намена	Православен христијански храм во функција
Вредности и значење	Црквата е трокорабна градба со полукружна апсида на источната страна и кров на две води. Градена во 1830 година. Од XIX век поседува 43 евидентирани икони од непознат зограф. Југозападно од црквата во 1898 година е изградена камбанарија која во 1994 година е обновена. Од јужната и југоисточната страна во 1936 година се изградени отворени тремови кои во денешно време се претворени во канцеларии и трпезарија. Таа претставува еден пример на градба од преродбенскиот период во која во 1840 година имало ќелии на училиште, кое Полјанскиот епископ Партение Зографски, познат македонски преродбеник и печатар, го посетува во 1860 година и инсистира учениците да учат на црковно-словенски јазик. Затоа сметаме дека улогата на оваа црква во овој значаен период за нашата држава заслужува да биде ставена под заштита.

Сегашната состојба на црквата Св. Димитриј е добра и истата е во добра физичка состојба. Иако градот Валандово се наоѓа на трустно подрачје, во земјотресот од 1993 година нема некои поголеми оштетувања на градбата. Иако нема поголеми оштетувања од земјотресот, сепак на црквата извршени се некои интервенции. Во 2000 година на е сменета кровната конструкција и камениот под е заменет со керамички плочки. Ѕидовите се наново малтерисани и обоени во бела боја. Прозорците, влезната врата и мебелот во внатрешноста на црквата е заменет во 2015 година. Новите прозорци, вратата и мебелот се од дрво. Исто така на прозорците поставени се железни решетки во 1970тите години.

Сите ѕидни површини во олтарот се фреско живописани во 2011/2012 година од локален уметник. Истиот уметник ја има насликано и фреската "Вознесение на

Пресветата Богородица" на оградата од балконот во женскиот дел од црквата (нартекс). Над влезот, во истиот период е насликана и фреската посветена на св. Димитриј, патронот на црквата.

Во 1988 година е изработен и новиот иконостаст, од дрво во резба, од црковниот уметник Мишко Милановиќ, на кој се наредени престолните икони од XIX век .

Археолошкиот локалитет ,,Зелениште" – Валандово, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**

Критериумот за ова категоризација е тоа што претставува некропола од архајскиот период, со времена рамка од крајот на VI и почеток на V век пр.н.е. Каде покојниците се третирани со инхумација, со масивни гробни конструкции, градени од убаво обработени камени плочи – монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на контрукцијата било изведени со глина, така што оставаат впечаток од вистински саркофази.

Исто така критериум е културно-историското, научното и општетсвеното значење на археолошкиот локалитет. Археолошкиот локалитет ,,Зелениште" – Валандово, согласно категоризацијата според загрозеност, се одредува како **незагрозено културно наследство.**

Црква Св.Димитрија, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.** Критериум за оваа категоризација е архитектонската композиција на објектот, староста изразена како време на неговото настанување (за црквата 1830, камбанаријата 1898 и трпезаријата 1936 година). Исто така критериум е и функцијата на објектот што се однесува на неговата културна функција, како и културно – историското и општественото значење на објектот. Објектотцрква Св.Димитрија – град Валандово, согласно загрозеност, се одредува како - **незагрозено културно наследство.**

7.Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура

Сообраќај

Сообраќајната инфраструктура претставува еден од основните системи во просторот поради своите функции на обезбедување рационална територијална поврзаност на сите активности во просторот и вклучување на сообраќајниот систем на Републиката.
Од сообраќаен аспект градот Валандово претставува извонреден транзитен коридор во која се вкрстосуваат повеќе патни правци што ја зголемува важноста на градот, но и наметнува потреба од решавање на повеќе проблеми во сообраќајната мрежа на градот и општината.
До подрачјето на планскиот опфат на град Град Валандово може да стигне од следните правци:
Планскиот опфат се наоѓа на југоисточниот дел на Македонија, распространет на југ од Демиркаписката Клисура, источно од реката Вардар и на запад и север од планинските огранки на Плавуш и Беласица. На север, општината Валандово се граничи со Општина Конче, на исток со Општина Струмица, на југоисток со Општина Дојран и Општина Богданци, а на запад со Општина Гевгелија. Оттука, планскиот опфат на град Валандово се наоѓа на патиштата кои водат кон Струмица и Дојран, а низ територијата на општината минува автопатот А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3). Општината е оддалечена 26 километри од граничниот премин Дојран и 30 километри од граничниот премин Богородица, како и 48 километри од граничниот премин Ново Град.
Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:
–Р1401 - (Струмица-врска со А4-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци- врска со Р1102), кој минува низ градот.
Иако сообраќајниот систем на градот е неоформен, може да се анализира преку двете негови основни карактеристики, како екстерен сообраќаен и интерен сообраќаен систем.
Во рамки на подрачјето на планскиот опфат во деловите каде што постои изграден градежен фонд, реализирана е улична мрежа. Во опфатот постојат асфалтирани улици со променливи профили, но постојат и земјени пристапи до објектите.

Хидротехничка инфраструктура

За постојната хидротехничка инфраструктура во рамки на планскиот опфат, добиени се податоци од ЈП „Комунален Сервис" - Валандово според кои во рамки на градот постојат изведени водоводни инсталаци и фекална канализација. Евидентиран е постоечки резервоар за вода во северниот дел на градот.
Низ градот минуваат два нерегулирани водотеци, река Странец како постојан водотек на источната граница од градот и суводолица во северниот дел од градот.
Хидротехничката инфраструктура е прикажана на графички прилог од Документационата основа.

Електро-енергетска инфраструктура

Според податоците добиени од ЕВН Македонија АД – Скопје КЕЦ Гевгелија, од електро-енергетската мрежа и објекти, во рамки на планскиот опфат евидентирани се:

- среднонапонски кабелски вод
- среднонапонски надземен вод
- трансформаторска станица

Според податоците од АД МЕПСО, низ планскиот опфат не поминуваат постоечки или планирани 110kV и 400kV објекти.

Електронска комуникациска инфраструктура

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат поминуваат траси на телефонски инсталации: бакарни кабли и оптички кабли.

Трасите на евидентиранта електронска комуникациска инфраструктура се прикажани на графички прилог од Документационата основа.

8.Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план

Од анализата на претходната планска документација, може да се заклучи дека не е во целост реализирана, односно потребно е да се предвидат нови содржини кои ќе соодветствуваат со потребите кои се разликуваат од планираните потеби согласно ГУП: Валандово Основен урбанистички план од април 1994 год., пред се заради временската разлика од 26 години и неусогласеноста со важечката законска регулатива.
Сепак, основните функции во градот Валандово, се реализирани според овој план, што го потврдува и анализата на намената на просторот.
Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. 15-1398/2019 од 22.11.2019) за Услови за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y29616 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања кои треба да се вградат во планската документација.

9.Анализа на можностите за просторен развој

Постојната урбанистичка документација за предметниот простор е реализирана во погоре изложената анализа. Во однос на неискористените површини потребно е предвидување на содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците на градот.
Потребно е да се предвиди решение кое би ја дооформило сегашната намена и карактер на функциите. Ова се однесува за дооформување на просторите кој се зафатени со одредени намени, но и неопходно предвидување на простори со нови намени.
За останатиот простор кој е дефиниран како неизградено земјиште, потребно е да се предвидат намени согласно потребите на корисниците на просторот, т.е. за потребите да се градат економско исплатливи градежни зафати.
Во однос на сообраќајот во рамките на планскиот опфат, тој во голем дел не е реализиран согласно претходната документација, и потребно е планирање на нови сообраќајни коридори.
При реализација и надградба на инфраструктурните мрежи потребно е почитување и синхронизацијата на истите со соодветната законска и нормативно-техничка регулатива при што треба да се добијат порационални ефекти и економски решенија.

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

• Усогласување на ГУП со поставките на Просторниот план на РМ дефинирани во Условите за планирање на просторот;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на единици на градежно земјиште со урбанистички параметри во согласност со намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Дефинирање на сообраќајната мрежа и нејзино оптимизирање, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Оптимално димензионирање и изградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и изградба на канализациона фекална и атмосферска инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и изградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и изградба на телекомуникациската инфраструктура;
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Заштита на природното и културното наследство;

• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина

Евидентираните состојби на теренот и начинот на реализација на постоечкиот градежен фонд укажуваат на густа изграденост на градежниот фонд и пристапите кои не се во целост вклопени во правилничките нормативи согласно важечката законска регулатива, па инкорпорирањето на постоечките состојби претставува дополнителен предизвик во планирањето и детерминирањето на условите за просторен развој на предметниот плански опфат.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25м²/жител станбена површина, 40-80м²/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елминирање, односно замена на субстандарниот станбен фонд.

При организација на јавните функции за град Град Валандово, појдовен елемент претставува постојната мрежа на јавнии функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе биде во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек. Битна алатка во креирањето на развојните насоки на градот Град Валандово претставуваат и демографските показатели, односно, планираниот број на жители и минималните површини кои треба да се обезбедат за непречено одвивање на животот и работата на сите корисници на просторот во планскиот период.

Во целост да се почитуваат Заштитно конзерваторски основи од 2019 година изработени од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, а доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

10.Други податоци и информации од субјектите од член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, релевантни за постојната состојба на подрачјето во планскиот опфат

Согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 1398/2018 од 22. 11. 2018 година
Скопје

Врз основа на член 87, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а согласно член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), постпувајќи по барањето бр. УП1–15 1398/2018 од 16.10.2018 година на Општина Валандово, министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Валандово, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y29616** се составен дел на Решението.

Граници на заштитено добро	КП 2414/1
Контактни зони	• на запад: дел од 2414/2, • на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП

	2002/1 • на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот • на југ: дел од 2414/2 со дел од патот.
Површина на доброто	1285 м^2 Земјиште под црква: 223 м^2 Помошни објекти: 274 м^2 Двор: 788 м^2
Вкупна површина на заштитеното добро	1285 м^2
Автор	/
Намена	Православен христијански храм во функција
Вредности и значење	Црквата е трокорабна градба со полукружна апсида на источната страна и кров на две води. Црквата е изградена во 1830 година. Од XIX век поседува 43 евидентирани икони од непознат зограф. Југозападно од црквата во 1898 година е изградена камбанарија која во 1994 година е обновена. Од јужната и југоисточната страна во 1936 година се изградени отворени тремови кои во денешно време се претворени во канцеларии и трпезарија. Таа претставува еден пример на градба од преродбенскиот период во која во 1840 година имало ќелии на училиште, кое Полјанскиот епископ Партение Зографски, познат македонски преродбеник и печатар, го посетува во 1860 година и инсистира учениците да учат на црковно-словенски јазик.[4] Затоа сметаме дека улогата на оваа црква во овој значаен период за нашата држава заслужува да биде ставена под заштита.

[4] Костадин Кајдамов, *Партение Зографски епископ Полјански*, Дојран 1997, 62



Сл.7. *Поглед на црквата и камбанаријата од времето на Првата светска војна*



Сл.7а. *Поглед на црквата и камбанаријата од времето на Првата светска војна (1916 година)*

Црквата Св.Димитрија можеме да ја видиме и на старите фотографии од првите децении на XX век, на кои јасно се гледа црквата со покрив на две води и камбанаријата кои до ден денс го имаат задржано истиот габарит и височина.



Сл.8. *Царски Двери XIX век, од непознат автор*



Сл.9. *Врата со претстава на Св.Илија од иконостасот од XIX век*

Состојба	Секашната состојба на црквата Св. Димитриј е добра и истата е во добра физичка состојба. Иако градот Валандово се наоѓа на трустно подрачје, во земјотресот од 1993 година нема некои поголеми оштетувања на градбата. Иако нема поголеми оштетувања од земјотресот, сепак на црквата извршени се некои интервенции. Во 2000 година на е сменета кровната конструкција и камениот под е заменет со керамички плочки. Ѕидовите се наново малтерисани и обоени во бела боја. Прозорците, влезната врата и мебелот во внатрешноста на црквата е заменет во 2015 година. Новите прозорци, вратата и мебелот се од дрво. Исто така на прозорците поставени се железни решетки во 1970тите години. Сите ѕидни површини во олтарот се фреско живописани во 2011/2012 година од локалет уметник (Сл.1). Истиот уметник ја има насликано и фреската "Вознесение на Пресветата Богородица" на оградата од балконот во женскиот дел од црквата (нартекс). Над влезот, во истиот период е насликана и фреската посветена на св. Димитриј, патронот на црквата (Сл.3).  ***Сл.1.*** *Фреска Вознесение на Пресвета Богородица на ѕидот од оградата од балконот*



Сл.2. *Фреска Пирчестување на апостолите*



Сл.3. *Фреска на Св.Димитрија над влезната врата на црквата*

Во 1988 година е изработен и новиот иконостаст, од дрво во резба, од црковниот уметник Мишко Милановиќ, на кој се наредени престолните икони од XIX век (Сл.4,5).



Сл.4. *Поглед кон новиот иконостас и фрескоживопис во олтарниот простор*



Сл.5. *Детаљ од новиот иконостас*

4.3.Инвентар на споменици и спомен бисти во град Валандово





Споненик во знак на сеќавањето на катастрофаслниот земјотрес од 8 март 1931 година (фотографија: Д.Дончева, Д.Цветанов)



Фотографија од бистата на НОВ во центарот на град Валандово

Споменик на паднатите борци во НОВ, Валандово – втора половина на 20 век. Споменикот се наоѓа во централното градско подрачје, веднаш до јаворот, на улицата Маршал Тито.

5. Оценка на состојбата

5.1. Анализа на просторниот развој



Панорамски изглед на град Валандово, 26.06.2015, *(фотографија:* Д.Цветанов*)*

а) Приказ на историскиот развој на градот Валандово

Регионот во кој се наоѓа градот Валандово во раната антика биле дел од областа Амфакистида, што го зафаќала тесниот појас долж двете страни на долниот тек на реката Вардар, од денешна Демир Капија до Егејското Море. Уште од антика на просторот на денешно Валандово егзистира урбан центар, потврда за тоа се археолошките локалитети „*Исар – Кула*“ (акропол), „*Стакина чешма*“ (населба), како и некрополите „*Зелениште*“ и „*Манастириште*“.[5] Стручната јавност е поделена околу тоа кој град се наоѓал на местото на денешно Валандово, дали Добер или Идомене. Сепак, логично би било планината Белесица во раната антика да била границата

[5] Некрополата „*Зелениште*“ е откриена при изградбата на здравствениот дом во центарот на градот Валандово. Биле откриени и најстарите културни слоеви во кои е најдена грнчарија од архајски и класичен период: *Археолошка карта* 1996, 51; Иван Микулчиќ 1999, 20-22, fig.6,7.

помеѓу Пајонија и Македонија, а со тоа Добер како пајонски град да го бараме на север, а Идомене на југ од оваа граница.

Локалитетот Исар – Извор – Кула лежи на околу 0,5 до 1,3 км северно – североисточно од Валандово (230-490 метри н.м.), над долината на Бојмија (Анска Река). Претставува варовнички рид, што како срт продолжува на северозапад во Градешка планина. Страните на ридот паѓаат стрмно во две паралелни длабоки долини.[6] На локалитетот Исар – Кула, според Иван Микулчиќ, на југоисточната тераса под завршетокот на сртот, околу најсилниот извор, во раната антика била оформена укрепена населба, а на сртот над неа акропола. Наоди од овој најстар идентификуван период се парчиња атичка и коринтска сликана керамика од VI - IV век пр.н.е. Во доцната антика III - VI век просторот околу изворот добил ново обѕидие од камен со малтер. Според податоците што ги дава Микулчиќ, населбата зафаќала простор од 10 ha, а исто така пронајдени биле внатрешни градби, како и бројни монети од III и IV век.[7]





Лок.,,Исар –Кула" – Валандово,остатоци од бедем.

Денес на неколку позиции е зачуван бедемот, односно јужниот ѕид на акрополот, кој на места достигнува и до 4-5 метри висинска зачуваност и дебелина

[6] Иван Микулчиќ 1996, 165.
[7] Ibid., 165.

околу 2 метри. Бедемот бил направен од камен, варов малтер во техника – емплектон, а потекнува од VI век. На него се гледаат остатоци од неколку масивни кули. Просторот кој го обградува овој бедем е една остра тераса со правец на протегање североисток - југозапад. Теренот е каменест и обраснат со ниска вегетација (прнар), на кој се среќава садова и градежна керамика од различни периоди.

Според Микулчиќ, јужниот ѕид на акрополата кој потекнува од VI век, во целото средновековие бил целосно сочуван и поради тоа бил користен за засолнување на жителите од тој крај. Површината на укрепената акропола зафаќа 3 ha, што е многу за средновековни потреби. Според остатоците што се гледаат на тој простор, постоела населба од разбиен тип и со неградски белези - село, а старите ѕидишта и служеле за заштита при помали опасности.[8]



Лок. „Исар-Кула" – Валандово, остатоци од кула – стража

На планинскиот срт 200 метри северозападно од акрополата била изградена осамена кула - стража, со поглед кон долината на Вардар. Кулата лежи 1,3 км североисточно од градот Валандово или околу 0,5 км од манастирот Св. Ѓеорги, на надморска височина од 492 метри. Овој фортификационен објект кој се наоѓа на една доминантна точка на месноста „*Кула*", уште наречена и „Марково Куле", стои само еден единствен градежен објект. Кулата има правоаголен облик и нејзините страни изнесуваат 10,6 Х 8,85 метри. Висинската зачуваност на ѕидовите достигнува околу 6

[8] Ibid., 167.

метри, дебелината на ѕидот изнесува околу 2,50 метри. Кулата е ѕидана во техника - емплектон, со добро оформени лица на ѕидот со обработен камен, во средината исполнети со поситен камен, а како врзивно средство е употребен варов малтер. Според градежните белези ја датираме во VI век, а функционирала како кула - стража, со поглед кон долината на Вардар.[9]

Валандовската тврдина била истурена на југ спрема градот Солун, конторлирајќи ги истовремено јужните премини кон Струмица и Просек. Според Томо Томовски нема сомнение дека на локалитетот Исар, во средниот век, лежел градот Валандово и бил центар на средновековната жупа Бојмија.[10]

Томо Томовски, кај месноста „*Кула*“ и околу неа го убдицира средновековниот град Валандово, кој имал своја тврдина (кула, горни град) и развиено подградие (варош). Варошката населба се простирала на месноста „*Изворот*“.[11] Јужната страна на Валандовски Исар изобилува со вода, месноста е позната како „*Клјунците*“. Таа била делумно и порано каптирана и спроведена преку една мрежа од ќумци до населбите што некогаш постоеле под Исарот и на Страиште, како и до денешните населби Валандово и Пирава.

Прибраните средновековни наоди, од локалитетот „*Исар*“, кои се достапни за стручната јавност, потекнуваат од доцниот среден век (XIII - XIV век). Тоа се парчиња од глеѓосани византиски чинии и покривни тегули од комненовски тип, еден бронзен прстен, потоа византиски монети - бакарни скифати од XIII век и венецијанска монета од XIV.[12]

Во писмените извори не е потврдено дека Алавандово бил град (или фрурион - тврдина). Според Микулчиќ претставува селска населба која изникнала врз урнатините на еден доцноантички град и се засолнувала зад неговите ѕидови. Во доцниот среден век Алавандово е средиште на регионот Бојмија.[13]

Во 1336 година пред да се одржи втората средба помеѓу српскиот крал Стефан Душан (1331-1355) и Андроник III Палеолог (1328-1341), во Радовиште (*Ῥαδοβδσδιον*),

---

[9] Иван Микулчиќ 1996, 165, fig.39.
[10] Томо Томовски, „Валандовски Хисар“, *Зборник посветен на Димче Коцо Т.VI-VII*, Скопје: Археолошки музеј на Македонија, 1975, 276; Томо Томовски, *Македонија низ вековите – градови, тврдини, комуникации*, Скопје 1999, 439.
[11] Томо Томовски 1975, 274-275.
[12] Иван Микулчиќ 1996, 167, fig.40.40.
[13] Ibid., 168.

првичниот договор помеѓу нив бил да се сретнат во Ваими (*εν Βαϊμί*), село во Македонија (*χωριῳΜακεδονικω*).[14] Се претпоставува дека станува збор за Бојмија. Оваа населба секако треба да ја бараме јужно од Радовиш, територија која била под византиска власт.

Во јужното подножје на Исарот лежи мала црква посветена на Св.Ѓорѓи, изградена во поново време. Овде во XIV век постоела друга, поголема црква, која се споменува во историските извори.[15] Српскиот владетел Стефан Душан, меѓу месностите што ги приложил на светогорскиот манастир Св.Пантелејмон во 1349 година, се споменува црѣковѣ Светаго Георгию оу Боимїи оу Илавандовѣ. Оваа црква е бездруго идентична со црквата Свети Ѓорѓи во Бојмија која е забележана околу 1378 година во грамотата на браќата Јован и Константин Драгаш за манастирот Св.Пантелејмон.[16]

Манастир Свети Ѓорѓи се споменува во турските пописни (дефтери) од XVI век, а истиот е забележан и од турскиот патеписец Евлија Челеби во 1670 година.[17] Челеби ја посетува и паланката Валандво и го споменува големиот манастир кој бил расположен на едно планинско место, кое наликувало на крепост со железни врати. Манастирот бил именуван по градителот поп Валандие и се нарекувал Валандовски манастир.[18] Од овој опис на Челеби, несомнено станува збор за црквата Св.Ѓорѓи, која денес се наоѓа на гратчето Валандово и истата е обновена во денешно време. За црквата која зборува Челеби денес немаме никакви остатоци, односно над темелите на старата е изграден нова црква.

Челеби дава опис и на населбата Валандово која била сместена меѓу, прошарано со лозја и шуми, планинско место. Од почетокот до крајот, планините и шумите биле обраснати со ниски дрвја, поради што тука имало многу кози и овци, а дел од планините биле каменести. Во подножјето на планината се наоѓале 150 куќи,

---

[14] ВИИНЈ VI, 352; Йоан Кантакузин. История / Ioannes Cantacuzenus. Historia, *ГИБИ,* X, София 1980.276; Александар Атанасовски, *Македонија во XIV век*, Тетово 2009, 48.
[15] Томо Томовски 1975, 274. 275-276, fig.4.; Иван Микулчиќ 1996, 168.
[16] Томо Томовски 1975, 274,275.
[17] Турски документи том V. книга III. 1982, 350.
[18] Евлия Челеби 1972, 268-269.

покриени со керамиди, штици или со трска.[19] Најверојатно во текот на XVI век се појавува нахијата Бојмија, а Валандово несомнено бил нејзин центар.[20]

Според турскикте пописни дефтери селото Валандово (Алавандово) во 1530 година имало: 120 муслимански семејства и 170 семејства, 29 неженети и 2 вдовици - христијани. До 1572/73 година бројот на муслиманите опаднал на 79 семејства и 7 неженети, а на христијаните се покачил на 189 семејства, 130 неженети и 10 вдовици. Меѓутоа, во овие бројки се пресметани и жителите на одделните маала од Валандово Чештохор и Пирава, кои навистина влегувале во неговите поширок граници, но подоцна станале самостојни населби, т.е. денешните села Честово и Пирава. Самото Валандово во 1572/73 година имало 27 семејства и 2 неженети - муслимани и 102 семејства, 72 неженети и 3 вдовици – христијани.[21]



Фотографија село Валандово. [22]

Достапните историски извори само потврдуваат дека Валандово во доцниот среден век прераснува во мало регионално седиште. Валандово како голема рурална

[19] Евлия Челеби 1972, 270.
[20] Методија Соколовски, „Струмичката нахија во 14 век - дервенциството во Струмичката нахија", *Акта Велјуса* - ООЗТ Филозофски факултет, Скопје 1984, 181-182.
[21] Александар Стојановски, *Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век*, Скопје: ИНИ – Скопје, 1981, 135-136.
[22] La Macedoine illustree / avec 483 reproductions autotypiques et une carte ethnographique Comite pour l'etude des terres Bulgares (Sofia, 1919, Imprimerie de la Cour, Societe par actions - Sofia), 97.

населба, со тек на времето ќе почне да добива урбани елементи, да се градат повеќе градби од јавен карактер, што несомнено ќе придонесе да прерасне во урбан центар.

Според податоците во книгата Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique (Етнографија на вилаетите Адрианопол, Монастир и Салоника), издадена во 1878 година во Константинопол, Валандово е споменето како селиште со 120 домакинства, а нејзините жители се 358 бугари и 44 помаци.[23]

Според статистиката на Васил Кънчов од 1900 година, Валандово се наоѓа во Дојранска каза и е населено со 820 бугари христијани, 285 турци и 90 роми.[24] Додека според податоците на секретарот на Бугарската егзархија, Димитар Мишев, (La Macédoine et sa Population Chrétienne), во 1905 година во Валандово имало 312 бугари егзархисти и 560 бугари патријаршисти (гркомани). Во селото постоеле две основни училишта, бугарско и грчко.[25]



Валандово во текот на Првата светска војна

Валандово настрадало особено во текот на Првата светска војна (1915-1918), бидејќи во непосредна близина на населеното место поминувала фронтовата линија,

[23] Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique, Constantinople 1878, 64.
[24] Василъ Кънчовъ, *Македония Етнография и статистика,* издава Българското Книжовно Дружествово, София: Държавна печатница, 1900, 164.
[25] Brancoff, D.M. „La Macédoine et sa Population Chrétienne". Paris, 1905, 100-101.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

како и во големиот земјотрес од 1931 година, кога биле разурнати голем број на објекти.

Според податоцитена од официјалните пописи на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија од 1948 до 2002 година, во табелата е прикажано вкупното население и етничката припадност на населението во градот Валандово.

Години	Македонци	Албанци	Турци	Роми	Власи	Срби	Бошњаци	Ост.	Вкупно
1948	—	—	—	—	—	—	—	—	**1.992**
1953	2.087	1	20	26	3	22	—	19	**2.178**
1961	2.097	1	20	—	—	50	—	33	**2.201**
1971	2.659	7	9	0	—	74	—	30	**2.779**
1981	3.611	28	13	9	0	87	—	50	**3.798**
1991	4.257	0	22	15	0	83	—	65	**4.442**
1994	4.234	1	24	18	0	62	—	18	**4.357**
2002	4.279	0	26	13	1	58	1	24	**4.402**

б) Урбан развој

Поради поволната местоположба, плодната почва, како и поволните климатски услови придонеле Валандово се прерасне во во развиено населено место, кое примарно се занимавало со земјоделие и трговија. Валандово најверојатно во почетокот на XX век прераснува во урбана средина. Главна стопанска гранка на населението е земјоделството особено одгледување на житни култури, винова лоза, овоштарство, бостан, градинарски култури, тутун и др. Во градот постојат индустриски капацитети од прехранбената и текстилната индустрија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ



Панорамска фотографија од Валандово 1930 година

Старото урбано јадро го опфаќа северниот дел од градот Валандово, под гробјанската црква Св.Димитриј. Во овој дел од градот куќите се подредени во збиен тип, а пристапите се по неправилни тесни улички без некој ред. Градот е терасесто поставен, со благо паѓање на теренот од север кон југ, во овој правец се ширело и самото населено место, спуштајќи се радиално од црквата Св.Димитрија кон рамничарскиот дел.



Фотографија од Валандово (почеток на 20 век)

Во периодот помеѓу двете светски војни, со градењето на чаршијата, занаетчиските работилници и угостителските објекти, населбата Валандово почнувала да добива изразен градски лик. Секако тој процес на урбанизација на Валандово,како регионално средиште во областа Бојмија, започнал по големиот земјотрес од 1931 година. Земјотресот имал катастрофални размери, голем број на објекти се разурнати, по што почнало нивно обновување и градење на куќи со градски изглед, а со тоа Валандово ќе прерасен во гратче.

Градот Валандово го зафаќа југоисточниот дел на Република Македонија. Во целост е сместен во Валандовската Котлина, која иако од сите страни е заградена со планински гребени, благодарение на долината на реката Вардар и на доминантните превои кон Струмица, Дојран, е лесно пристапен. Функционалната поврзаност на општината е условена од природните услови, од една страна, а од друга од социо-економските фактори. Природните карактеристики овозможуваат развој на земјоделството, а воедно и овој простор го прави еден од најаграрните простори во нашата држава. Во него се застапени скоро сите растителни видови кои се карактеристични за земјата, како и одредени земјоделски видови кои се карактеристични само за Валандовскиот регион, како калинките, смоквите и јапонските јаболка.



Пазар во Валандово, прва половина на XX век

Валандовската Котлина со својата природно географска положба и плодноста на земјиштето, била отсекогаш мета на разни освојувачи на овие простори, каде се вкрстувале разни култури, кои оставиле многу траги од непроценлива материјална и култура вредност.

Во историјата на градот Валандово мошне е значаен 19 век, кога благодарение на погодната местоположба достигнал голем развој. Според кажувањата, тогаш во градот била развиена трговијата, се извезувало: добиток, кожи, пастрма, масло, волна, свила, калинки, грозје и други земјоделско-сточарски производи, и тоа претежно во Солун.

Во 19 век Валандово било многу важно транзитно-сообраќајно место. Во патните правци север-југ секојдневно се движеле трговци и кирации, со карвани и запрежни коли, натоварени со трговска стока. Ова многу придонело во Валандово да живне стопанската активност, да се развијат трговијата и занаетчиството. И денес Валандово има развиена занаетчиство каде сеуште се живи некои од старите занаети но и трговијата. Малата чаршија на центарот од градот располага со мали трговски дуќанчиња. Во централното градско подрачје на градот видлива е староградската архитектура со западно-европско влијание. Овде на центарот на градот се наоѓа и споменикот поставен во чест на жртвите од катастрофалниот земјотрес што го зафатил гратчето во 1931 година.

Валадово иако е мало градче сепак се чувствува граѓанското пулсирање во него, денес во центарот на градот се гради нова модерна црква, домот на културата „25 Мај“ изграден во 1954 година и се наоѓа во центарот на градот исто така е средиште на културните збиднувања во градот. Градот располага и со две образовни институции, основното училиште ОУ „Јосип Броз Тито“ и средното училиште „Гоце Делчев“.

Од почетокот на втората половина на XX век во Валандово се градат долги прави асфалтирани улици кои се сечат под прав агол, со канализациска мрежа, во градот има плоштад како и шеталиште.



Фотографија од Валандово 1930 година – занаетчиски работилници



Фотографија од Валандово 1931 година - дел од старата чаршија



Фотографија од Валандово 2019 година (фотографија: Д.Дончева)



Фотографија од спортска сала Филип II Македонски во Валандово (фотографија: Д.Дончева)



Фотографија од градски пазар во Валандово (фотографија: Д.Дончева)



Дом на културата „25 Мај“ Валандово

Домувањето е детерминирано како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

в) Релации со одделни центри на влијание

Валандово се наоѓа во југоисточниот регион на Република Македонија, во историско - географската област Бојмија, дел од Гевгелиско - валандовската котлина, на десниот брег на Анска Река, лева притока на Вардар. Денешното гратче Валандово лежи на просечна надморска височина од 140 метри во подножјето на Плавуш Планина. Поволната местоположба на оваа населба низ вековите ќе и овозможи брз развој, пред сè поради поставеноста покрај значајна комуникација Струмица - Дојран - Солун и на само 6 км од течението на реката Вардар, односно Вардарската магистрала.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Северна Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака: – Р1401 - (Струмица-врска со А4-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци- врска со Р1102).

Валандово се наоѓа во непосредна близина на регионалниот центар Струмица на само 23 км патна оддалеченост; 26,5 км од Гевгелија; 24 км од Стар Дојран, а додека од поголемите градски центри: Солун на помалку од 100 км и Скопје на 146 км.

5.2.Анализа на постојната состојба

Градот Валандово е со современи градби на стамбени објекти, досега нема евидентирано традиционална архитектура иако станува збор за урбана средина. Објект за кој сметаме декла треба да биде заштитен, а не е евидентиран како заштитено културно наследство е црквата Св.Димитрија. Објектот има зачувано доста елементи од старата архитектура иако во последните децении се вршени доста обнови, како на

самата градба така и на самиот иконостас. Црквара има имотен лист бр.13 на КП 2414/1 – Валандово, а имотот е во сопстевеност на МПЦ. Црквата се наоѓа во северозападниот периферија на градот и истата е изградена во 1830 година.

Црквата е трокорабна градба со полукружна апсида на источната страна. Западниот дел од црквата во поголем дел е вкопан во самата земја. Средишниот кораб на градбата ги надвишува страничните два, а кровната конструкција е потпрена на два реда од по четири симетрично поставени столбови, поврзани со лакови. Влезната врата е сместена на јужната страна и над неа има застаклена ниша со фреска на која е претставен Св.Димитрија. Вратата е релативно нова и е изработнеа од масивно дрво.

Секашната состојба на црквата Св. Димитриј е добра и истата е во добра физичка состојба. Иако градот Валандово се наоѓа на трустно подрачје, во земјотресот од 1993 година нема некои поголеми оштетувања на градбата. Иако нема поголеми оштетувања од земјотресот, сепак на црквата извршени се некои интервенции. Во 2000 година на е сменета кровната конструкција и камениот под е заменет со керамички плочки. Ѕидовите се наново малтерисани и обоени во бела боја. Прозорците, влезната врата и мебелот во внатрешноста на црквата е заменет во 2015 година. Новите прозорци, вратата и мебелот се од дрво. Исто така на прозорците поставени се железни решетки во 1970тите години.





Влезната врата на црквата Св.Димитрија.




Поглед кон западниот дел на црквата, кој во поголем дел е вкопан во земјата





Полукружна апсида, со декорација на фасадата

Од јужната и југоисточната страна на црквата има отворени тремови, на кои отпосле се надоврнани други објекти, односно трпезарија и канцеларии. Според натписот кое е поставен на фронталното лице на трпезаријата добиваме податок дека истата е изградена во 1936 година.






Поглед кон отворниот трем на црквата, од десната страна се наоѓа трпезаријата, од левата канцеларии и капела

Југозападно од црквата во 1898 година е изградена камбанарија која во 1994 година е обновена. Камбанаријата во голем дел го има задржено својот правобитен изглед, речиси е непроменлив. За изгледот на камбанаријата добиваме податоци од стари фотографии кои се направени во првите децении на XX век. Камбанаријата е изградена од камен и малтер, истата е со квадратна основа и кружен внатрешен дел во кој се наоѓа спирално поставен дрвени скалила кои водат кон највисоката платформа. На последното ниво од камбанаријата се вршени обнови, односно е поставен армирано бетонска платформа. Во последниот дел е сместена камбаната и овде на четирите страни има сводести отвори.







Сите видни површини во олтарот се фреско живописани во 2011/2012 година од локалет уметник. Истиот уметник ја има насликано и фреската "Вознесение на Пресветата Богородица". Во 1988 година е изработен и новиот иконостаст, од дрво во резба, од црковниот уметник Мишко Милановиќ, на кој се наредени престолните икони од XIX век.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ

Од XIX век црквата Св.Димитрија поседува 43 евидентирани икони од непознат зограф.



Во внатрешноста на црквата на западната страна има галерија подигната врз столбови, на оградата од балконот е насликана фреската "Вознесение на Пресветата Богородица". Во црквата е зачуван амвонот кој е поставен на еден од столбовите на северната страна. Амвонот е направен од дрво, на кој има насликано флорални и претстави на светци, истиот е со дрвени скали со дрвена ограда.





Археолошки локалитет „Зелениште“ освен заштитните археолошки ископувања во мај 1984 година, не се вршени други истражувања на овој локалитет. На парцелата КП 3335 освен Болницата изградени се пристапни патеки и паркинг. Во последниве години не се вршени градежни активности на овој простор, кои би придонеле за нарушување на културните слоеви.

За останатите објекти во планскиот опфат на град Валандово нема евидентирано ниту еден објект со карактеристична архитектонска – стилски карктеристики, ниту пак во изминативе години се направени некои истражувања кои ќе придонесат за маркирање на ваков тип на објекти.

Во градот постојат голем број на јавни објекти како: училишта, градина, болница, пошта, полиција, спортска сала, културен дом, општинска зграда, пазар и др., кои се во добра состојба и функционираат.

а) Причини за пропаѓањето

Постојат различни причини за пропаѓање на објектите, конкретно за црквата Св.Динитрија причини се:

- При изведување на градежните интервенции отсуствува стручниот надзор и следење на состојбите.
- Подол временски период не биле превземени интервенции за подобрување на општата состојба.
- Ненавремено не е направена евиденција и валоризација (црквата нема евидентен матичен број иако ги исполнува условите).

На црквата се вршени доста санациони интервенции, поради појавени извесни причини за нејзино пропаѓање. Неможеме да кажеме дали со земјотресот кои го погодоил овој регион во 1993 година страдала и црквата, па поради тоа се вршени градежи интервенции во изминативе две децении. Покрај обновата на малтаријата во внатрешноста на црквата е извршена и интервенција на кровот и кровниот покривач кој е заменет со нови керамиди. Внатрешноста на црквата, како и тремот се покриени со плочки. Во црквата нема зачувано од оригиналниот фрескоживопис, незнаеме

поради кои причини е отсранет, но затоа во обновениот иконостас се наредени престоплните икони од XIX век.

На западната страна од црквата има присуство на влага, поради нејзината вкопаност во земјата. Од надворешната страна има присуство на капиларна влага на источниот и северниот ѕид.





На црквата извршени се повеќе интервенции и тоа со современи материјали, тие ја нарушуваат автентичноста на црквата со промена на матреријалот на подот, кровниот покривач, како и на внатрешните ѕидови. Поради нарушената автентичност, оценката на состојбата на црквата ја дефинираме како **делумно автентична состојба**. Степенот на зачуваност на црквата го дефинираме како **добра зачуваност**.

Причината за пропаѓање на доброто се класифицира во **групата А –** причини поврзани со природни појави, како земјотреси и подземни води.

Уште една причина за пропаѓање на доброто може да се класифицира и во **групата Г –** причини поврзани со деструктивни активности на човекот, ако неконторлирана градба на црквата со нејзините поправки, доградби, отстранување на стариот и изведба на нов фрескоживопшис, како и други интервенции.

- На голем дел од парцелата КП 3335 на која се наоѓа **археолошкиот локалитет „Зелениште“** е изграден објект, односно Болницата. Единствено останува дворното место на Болницата каде има индиции за постоење на други гробни конструкции. Освен заштитните археолошки ископувања во мај 1984 година, не се

вршени други истражувања на овој локалитет. На парцелата КП 3335 освен Болницата изградени се пристапни патеки и паркинг. Во последниве години не се вршени градежни активности на овој простор, кои би придонеле за нарушување на културните слоеви, поради тоа е во добра состојба и не е пропаднат или уништен.

Денес нема промени на состојбата на локалитетот по изградбата на болницата. Кога ќе се создадат услови ќе се продолжи со археолошки истражувања за дефинирање на целиот предвиден негов опфат.

б) Претходно градежни интервенции

На Црквата Св.Динитрија извршени се повеќе градежни интервенции во внатрешност така и на нејзиниот надворешен дел, овие зафати се прикажани и опишани во горниот дел на текстот. Сите овие интервенции се без конзерваторски проект и не се применети методи за заштита

в) Уредување на градот по урбани блокови, пристапни патишта и друга урбана структура до споменичкото наследство

Пристапните патишта од другите населни места кои водат до градот Валандово се асфалтирани, односно овде поминува регионалниот пат со ознака: – P1401 - (Струмица - врска со А4-Раброво – Валандово – Балинци – Марвинци - врска со P1102). До сите делови од населеното место има пристапни асфалтирани улици.

Урбанистичкиот план на град Валандово е во подготовка и согласно изготувањето на заштитно конзерваторските основи од наша страна ќе се утврдат урбаните блокови на градот.

5.3. Анализа на развојните потреби, потенцијал и можности

Црквата Св.Димитриј допринесува за одржување на верската традиција, развој на културниот туризам, едукација и слично.

5.4. Процена на влијанија

Негативни влијанија на спомeничкото добро се предизвикани од вршење на градежни интервенции без вклучување на стручни лица од областа на заштитата на културното наследство, што довело во изминатиот период доброто делумно да ја изгуби својата автентичност.

Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за нивна соодветна имплементација. На тој начин ќе се избегнат импликации од забрзана урбанизација и ќе се овозможи вклучување на културното наследство во современиот урбан развој.

6. Мерки на заштита

6.1. Валоризација

Валоризација на археолошкиот локалитет „Зелениште“ - Валандово, кој заслужува да биде ставен под заштита. Археолошкиот локалитет „Зелениште“ – Валандово евидентиран со матичен број 4-804-010/10 ЕНД.

Бр.1.	
Назив	Археолошки локалитет „Зелениште“
Локација	Локалитетот се наоѓа во југоисточниот дел на градот Валандово, во дворот на здравствен дом
Адреса	
Катастарска парцела	КП 3335
Опис на содржините	Археолошкиот локалитет„ Зелениште“ – Валандово претставува рано античка некропола. Погребувањата се датирани кон крајот на VI и раниот V век пр.н.е.
Време на настанување	Рана антика – архајски период (крајот на VI и почеток на V век пр.н.е.).
Граници на заштитено добро	КП 3335
Контактни зони	• На запад: дел од КП 3375/1

	• на југ: дел од КП 3428 и дел од КП 3267/1 • на исток: дел од КП 3303/1 • на север: КП 3319/1, КП 3319/2, КП 3319/3, КП 3317/1, КП3317/2 и КП 3320
Површина на доброто	12931,48м^2
Вкупна површина на заштитеното добро	12931,48м^2
Автор	/
Време на настанување	крајот на VI и почеток на V век пр.н.е.
Намена	Археолошки локалитет
Вредности и значење	При изградба на болницата во Валандово, во мај 1984 година на локалитетот „Зелениште“ зафатен е дел од нова, порано непозната некропола, при што се откриени неколку скелетни гробови – цисти. На некрополата „Зелениште“ во Валандово се истражени само 9 погребувања, сите тие се датирани кон крајот на VI и раниот V век пр.н.е., без индиции за постоење на постари или помлади погребувања. Гробните конструкции во некрополата се масивни, градени од убаво обработени камени плочи – монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на контрукцијата било изведени со глина, така што оставаат впечаток од вистински саркофази. Ориентацијата им била единствена, во поравец запад-исток.[26]
Состојба	Освен заштитните археолошки ископувања во мај 1984 година, не се вршени други истражувања на овој локалитет. На парцелата КП 3335 освен Болницата изградени се пристапни патеки и паркинг. Во последниве години не се вршени градежни активности на овој простор, кои би придонеле за нарушување на културните слоеви.

[26] Драги Митревски, *Протоисториски заедници во Македонија*, Скопје 1997, 146-147, fig.38; Зоран Георгиев, „Елементи на раната антика во Долното Повардарие“, *Годишен Зборник –annuaire*, книга 11(37) том, Скопје 1984, 64-65

Локалитето Зелениште не е откриен во целост и со овозможување на услови за истражување, локалитетот че се доситражи и ќе се дефинира во целостр. Локалитетот поседува доволно елементи како некропола од архајски период за да се изврши негова валоризација.

Бр.2.	
Назив	Гробјанска црква Св. Димитриј
Локација	Црквата се наоѓа во северозападниот дел од градот, на карпеста падина под планината Плавуш.
Адреса	/
Катастарска парцела	КП 2414/1
Опис на содржините	Трокорабна црква со полукружна апсида на источната страна. Во дворот на црквата има камбанарија изградена во 1898 година и на југоисточната и јужната страна има тремови изградени во 1936 годин. Во дворот на црквата уште има продавница за сваќи, канцеларии, трпезарија, крстилница, базен за фрлање на кротот за Водици, чешма и капела.
Време на настанување	Црквата е изградена во 1830 година. Натписот се наоѓа на јужната фасада под кровната конструкција.
Граници на заштитено добро	КП 2414/1

Контактни зони	• на запад: дел од 2414/2, • на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП 2002/1 • на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот • на југ: дел од 2414/2 со дел од патот.
Површина на доброто	1285 м^2 Земјиште под црква: 223 м^2 Помошни објекти: 274 м^2 Двор: 788 м^2
Вкупна површина на заштитеното добро	1285 м^2
Автор	/
Намена	Православен христијански храм во функција
Вредности и значење	Црквата е трокорабна градба со полукружна апсида на источната страна и кров на две води. Градена во 1830 година. Од XIX век поседува 43 евидентирани икони од непознат зограф. Југозападно од црквата во 1898 година е изградена камбанарија која во 1994 година е обновена. Од јужната и југоисточната страна во 1936 година се изградени отворени тремови кои во денешно време се претворени во канцеларии и трпезарија. Таа претставува еден пример на градба од преродбенскиот период во која во 1840 година имало ќелии на училиште, кое Полјанскиот епископ Партение Зографски, познат македонски преродбеник и печатар, го посетува во 1860 година и инсистира учениците да учат на црковно-словенски јазик.[27] Затоа сметаме дека улогата на оваа црква во овој значаен период за нашата држава заслужува да биде ставена под заштита.

[27] Костадин Кајдамов, *Партение Зографски епископ Полјански*, Дојран 1997, 62

Состојба	Секашната состојба на црквата Св. Димитриј е добра и истата е во добра физичка состојба. Иако градот Валандово се наоѓа на трустно подрачје, во земјотресот од 1993 година нема некои поголеми оштетувања на градбата. Иако нема поголеми оштетувања од земјотресот, сепак на црквата извршени се некои интервенции. Во 2000 година на е сменета кровната конструкција и камениот под е заменет со керамички плочки. Ѕидовите се наново малтерисани и обоени во бела боја. Прозорците, влезната врата и мебелот во внатрешноста на црквата е заменет во 2015 година. Новите прозорци, вратата и мебелот се од дрво. Исто така на прозорците поставени се железни решетки во 1970тите години. Сите ѕидни површини во олтарот се фреско живописани во 2011/2012 година од локалет уметник. Истиот уметник ја има насликано и фреската "Вознесение на Пресветата Богородица" на оградата од балконот во женскиот дел од црквата (нартекс). Над влезот, во истиот период е насликана и фреската посветена на св. Димитриј, патронот на црквата. Во 1988 година е изработен и новиот иконостаст, од дрво во резба, од црковниот уметник Мишко Милановиќ, на кој се наредени престолните икони од XIX век .

Со оглед на горенаведеното има доволно елементи врз основа на кои црквата Св.Димитриј во град Валандово може да биде анализирана и валоризирана со цел да биде ставена под заштита како културно наследство

НАПОМЕНА:

Во согласност со Законот за заштита на културното наследство, за предложениот објект и археолошки локалитет, во рок од една година потребно е да биде изработен Елаборат за валоризација.

6.2. Категоризација

Напомена: Конечната катрегоризација ќе биде дадена при изработката на Елаборат за валоризација.

Археолошкиот локалитет „Зелениште“ – Валандово, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**

Критериумот за ова категоризација е тоа што претставува некропола од архајскиот период, со времена рамка од крајот на VI и почеток на V век пр.н.е. Каде покојниците се третирани со инхумација, со масивни гробни конструкции, градени од убаво обработени камени плочи – монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на контрукцијата било изведени со глина, така што оставаат впечаток од вистински саркофази.

Исто така критериум е културно-историското, научното и општетсвеното значење на археолошкиот локалитет. Археолошкиот локалитет „Зелениште“ – Валандово, согласно категоризацијата според загрозеност, се одредува како **незагрозено културно наследство.**

Црква Св.Димитрија, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.** Критериум за оваа категоризација е архитектонската композиција на објектот, староста изразена како време на неговото настанување (за црквата 1830, камбанаријата 1898 и трпезаријата 1936 година). Исто така критериум е и функцијата на објектот што се однесува на неговата културна функција, како и културно – историското и општественото значење на објектот. Објектотцрква Св.Димитрија – град Валандово, согласно загрозеност, се одредува како **– незагрозено културно наследство**

6.3.Режим на заштита

6.3.1. Режим на заштита на поединечни добра

Археолошкиот локалитет „ Зелениште“ – Валандово е со режим на заштита од втор степен, а неговата контактна зона е со режим на заштита од трет степен.

За овој археолошки локалитет, се определува режим на заштита од **втор степен,** што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници (КП 3335) претставува заштитена целина која има контактна зона. Контактната зона на ова целина е формирана од следниве катастарски парцели:

- На запад: дел од КП 3375/1
- на југ: дел од КП 3428 и дел од КП 3267/1
- на исток: дел од КП 3303/1
- на север: КП 3319/1, КП 3319/2, КП 3319/3, КП3317/1, КП3317/2 и КП 3320

Во заштитена зона и контактна зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Во заштитената зона не е дозволено:

- Засадување на земјоделски култури со корења подлабоки од 30 см.
- Градење на секаков вид градби со темелни ископи подлабоки од 30 см.
- Изведба на електрични, водоводни и канализациони цеви на длабочина поголема од 30 см.
- Партерно уредување на парцелите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потреби површински ископи.
- Поставување на урбана опрема за кои е потребно спроведување на инсталации со површински ископ подлабок од 30 см.

Сите горе наведени интервенции можат да се извршат доколку претходно се извршат заштитни археолошки ископувања со кои ќе се потврди или одбие предвидената барана интервенција на одделни парцели од локалитетот.

За црквата Св.Димитрија – Валандово се предвидува:

- Зона на ограничена (гарантирана) заштита – Режим на заштита од втор степен

Црвата Св.Димитрија во Валандово, претставува објект кој поседува значајни карактеристики по својата архитектура, како и голем фонт со евидентирани икони од XIX век.

Од овие причини потребно е зачувување на постојаната (денешна) состојба на објекто. Тоа подразбира задржување во границите на постојаната парцелација и соодветен однос и почитување на надворешниот изглед на објектот, зачувување на постојаниот габарит и височина, без можност за надградба и доградба. Треба да се инсистира и на задржување на константните специфични архитектонски елчементи на фасадата, детали, орнаментација и слично.

Не се дозволува никакви интервенции во ентериерот на црквата, за било какви интервенции в о внатрешноста на објектот и иконостасот, без претходно изработен конзерваторски проект и добиено конзерваторско одобрение од Управата за заштита за културното наследствоп на Република Северна Македонија

Можно е враќање на делови од ентериерот на црквата кои се изменети со вршење на интервенциите на црквата во изминатите години. Интервенциите се можни единствено во функција на статично појачување на објектот и уредување на парцелата во функција на дејнаоста, но со претходно изработен конзерваторски проект и добиено конзерваторско одобрение од Управата за заштита за културното наследствоп на Република Северна Македонија.

Истото важи и за припратните објекти во парцелата на објектот кој е предмет на валоризација, во случај на санација и изградба – истите да го сочуваат постојниот габарит и архитектонски да се вклопат во амбиентот, со ограничување на висината – максимум во венецот на црквата.

Р.бр. според графичката подлога (КП)	Режим на заштита (степен)	Опис на интервенции	Илустрација
			
КП 2414/1	Втор степен	Зачувување на постојаната / денешна состојба на ентериерот и можност за интервенции во функција на статичко појачување на објектот, и уредување на парцелата во функција на дејноста	

6.3.2. Контакна зона – зона на ограничена заштита

За контактна зона на локалитетот Зелениште се предвидува заштитен режим од **трет степен** кој опфаќа вршење на археолошки надзор при било каква интервенција во парцелите.

За црквата Св.Димитрија во оваа зона, согласно Правилникот се опрееделува режим на заштита од трет степен. Според истиот, треба да се почитува следната насока:

- Ограничување во поглед на габаритот и катната височина на објектите и прилагодување на П+2.
- Во таа смисла, содржините, намените, катноста и другите параметри, можат слободно да се развиваат околу можните просторни концепции и приоди,

почитувајќи ги притоа условите дефинирани во режимот на заштита од втор степен.

- Исто така ограничува градење на објекти (сервиси, перални, складови и слично) кои би биле причинители на загадување на воздухот и почвата и би го нарушиле амбиентот околу црквата. Исто така, се ограничува поставување на големи рекламни паноа, антени и други видови на времени и трајни обележја и табли кои би го загрозиле визуелниот поглед на заштитеното добро – црквата.

Овие услови се однесуваат на контактната зона дефинирана со следните граници: На запад: дел од 2414/2, на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП 2002/1 на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот на југ дел од 2414/2 со дел од патот.

6.4. Посебни мерки за заштита

За објектот црква Св.Димитриј, потребни се дополнителни конзерваторски и историски истражувања. Потребно е документирање на доброто изработка на посебни студии за него, елаборат, подготвителни мерки во случај на вооружен судир и природни непогоди.

Потребно е да се предвидат мерки за заштита од последиците од загадување, мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитеното подрачје. Исто така потребно е зачувување на постојаната (денешната) состојба на доброто, со можност за враќање на поедини делови во првобитната состојба, доколку тоа е можно и има елементи. Потребно е означување на доброто, одредување на мерки за негово спасување во непредвидени ситуации.

7. Спроведување на основите

Овој дел од заштитно-конзерваторските основи треба да послужи како основа за изготвување на параметрите на планот и истиот да биде комплетно вграден при изготвувањето на Урбанистичко планската документација за град Валандово, Општина Валандово.

Заштитно-конзерваторските услови за опфатот се наведени во мерките за заштита на урбаниот опфат, поточно во режимот за заштита и посебните мерки.



ЛЕГЕНДА

Граница на опфат

Граница на заштитено подрачје - археолошки локалитет

Граница на контактна зона

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УП ЗА ГРАД ВАЛАНДОВО - ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

ПЛАН: ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ВАЛАНДОВО, ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ПРИЛОГ: ГРАНИЦА НА ОПФАТОТ ВО СКАЛАРТОА СНИМКА ВО ДИГИТАЛЕН ФОРМАТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

ПРИЛОЗИ: ГРАНИЦА НА ОПФАТОТ ВО СКАЛАРТОА СНИМКА ВО ДИГИТАЛЕН ФОРМАТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

ИЗРАБОТИЛ: ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

ОДГОВОРЕН ЗА ИЗРАБОТКА: м-р Елизабета Чолева

ОДГОВОРЕН ЗА ИЗРАБОТКА ВО ЗАВОДОТ: м-р Елизабета Чолева

ИЗРАБОТИЛ: м-р Елизабета Чолева

ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ: м-р Елизабета Чолева

ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА: Декември 2019 год.

ПРИЛОГ БРОЈ: 5



ЛЕГЕНДА

- Граница на опфат
- Граница на заштитно подрачје - археолошки локалитет
- Граница на контактна зона

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УП ЗА ГРАД ВАЛАНДОВО - ОПШТИНА ВАЛАНДОВО	
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА	
ПЛАН: ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ВАЛАНДОВО, ОПШТИНА ВАЛАНДОВО	МЕРКА: 1:5000
ПРИЛОГ: ГРАНИЦА НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА ЗАШТИТНОТО ПОДРАЧЈЕ	ИНВ. БР.
Раководител на изработка на просторниот план:	Изработувачи на просторниот план: **Изработувачи на елаборатот: Д-р Стојанче Арсенов - раководител, М.Д.Стојанче - виш истор. историчар, В.П. Свирчев - виш истор. историчар, М.Василева - истражувач на уметност, М.Василева - истражувач на уметност, М.Василева**
Датум на изработка: Јуни 2016 год.	Проектен код: 2

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦИ НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ""ЗЕЛЕНИШТЕ"

КОНТАКНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УП ЗА ГРАД ВАЛАНДОВО - ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

ПЛАН: ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ВАЛАНДОВО, ОШТИНА ВАЛАНДОВО

ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ

Во идниот период се предвидува изградба на акумулациите "Коњско" на Коњска Река, акумулациите "Градец", "Милетково, "Ѓавато" и "Гевгелија" на реката Вардар. Основна намена на акумулациите е обезбедување на вода за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија и подобрување на режимот на водотеците во периоди на малуводие.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП "Долен Вардар" регистрирани се 227 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Подземните води најчесто се одликуваат со виск квалитет, но во Републиката тие се недоволно проучени, потребни се дополнителни истражувања за нивниот капацитет и квалитет. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води, од кои во регионот на В.П "Долен Вардар" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Смоквица-Негорци-Гевгелија.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во управувањето со водите е континуирано обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување на населението и прехранбената индустријата.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за градот, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување и заштита на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа паралелно со ширење на градот;
- Рационално и економично користење на водата преку преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на површинските и подземните води. За таа цел потребно е да се спроведува принципот на “заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување” преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат на градот;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.

Доколку во границите на планскиот опфат на градот постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа во градот, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациската мрежа.

Во 2006 год. започната е изградба на системи за наводнување во Јужниот регион на реката Вардар, како дел од проектот “Јужна Вардарска Долина”. Во 2007 год. завршена е првата фаза од изградбата на системите за наводнување која опфаќа вкупна површина од 2.628 ha и реконструкција на површина од 1.050 ha.

Во втора фаза се предвидува изградба на системи за наводнување на површина од 3.904 ha на системите Миравци, Удово, Валандово, Грчиште, Кованци, Негорци/Прдејци, Паљурци и Гевгелија. При изработката на планската документација за градот да се утврди местоположбата на веќе изградените и планираните објекти од системот за наводнување. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на неговата пренамена во градежно.

Низ градот минуваат површински водотеци за кои при изработката на планската документација треба да се предвиди регулација и заштитни појаси со цел да се заштити просторот од негативните последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р. Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. РМакедонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје-5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот преносен 110kV вод Валандово-Струмица минува на 0,1km западно од планскиот опфат.

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-4 Хамзали-Грција со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делница-4 ќе минува на 5,4km источно од планскиот опфат на ГУП Валандово.

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Р.Македонија изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА. Трасата на изведениот **нафтовод Скопје-Солун** минува далеку на запад од планскиот опфат на ГУП Валандово.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач – креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, општината Валандово на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 11.890 жители, од кои 45.7% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Основните цели во развојот на процесот на **урбанизација и оформувањето на мрежата** на населени места се однесуваат на:

- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- децентрализиран, рамномерно територијално распределен развој со вклучување на принципите на полицентричност и хиерархичност;
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;

- намален интензитет на популациска концентрација во урбаните населби и повисок степен на усогласеност со динамиката на стопанскиот развој на државата;
- зголемување на степенот на екипираност на општинските центри со функции и дејности од доменот на јавните функции, услугите и инфраструктурата;
- стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја;
- рамномерен и воедначен просторен развој на населените места;
- оптимална функционална екипираност усогласена со идните потреби на корисниците;
- создавање на поповолни услови за развој на градските населби, посебно на оние градови кои ќе придонесат кон воедначување на ефектите на процесот на урбанизацијата и рамномерна дисперзија во просторот на Републиката;
- интензивирање на развојот на градовите кои ќе имаат улога да ја амортизираат високата стапка на популациската и функционалната поларизација во просторниот опфат на републичкиот центар;
- развој и екипирање на градските населби согласно предвиденото место и улога во системот на централните населби;
- развој на градските населби кои би имале непосредно стимулативно влијание врз економскиот и демографскиот подем на пограничните и недоволно развиените простори;
- интензивирање на развојот на населбите во приградските зони врз квалитативно нова основа, непосредно ефикасно поврзани со градската населба;
- ефикасно и рационално меѓусебно комуникациско поврзување на системот на центри посебно помеѓу соседните градови и регионални центри;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните градски центри со координирано, заедничко организирање на активностите.

Концептот на просторниот развој на Република Македонија темелен врз принципите и развојните цели на урбанизацијата непосредно ја дефинира структурата и основните атрибути на мрежата на централните населби. Согласно претходно утврдената хиерархиска структура и положба во просторот, дефинирана е содржина на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебната поврзаност во мрежата на централните населби.

На територијата на Република Македонија, и во рамки на за таа цел дефинираните просторни сегменти, мрежата на централните населби се очекува да биде составена од следните нивоа:

- центар на државата - центар на државно ниво со меѓународно влијание;
- центар на макрорегион - центар на макрорегионално - надрегионално ниво;
- **центар на мезорегион** - центар на средно- регионално ниво;
- центар на микрорегион - центар на субрегионално ниво.

Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, грдот Валандово, спаѓа во категоријата микрорегиони, со популациска големина под 30.000 жители, застапеност

на јавни функции, функции на општествен стандард и услуги: гравитациско влијание врз најмалку две општини.

Определбите на Просторниот план на Р. Македонија од аспект на урбанизација се однесуваат на:

- **дестимулација на проширувањето на градското градежно земјиште, а преку воведување на посебни мерки стимулирање на порационално и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина;**
- **стимулирање на изградба во постојните граници на градското градежно земјиште, преку примена на еколошки и економски мерки и планерски нормативи и стандарди;**
- респектирање и обновување на идентитетот на градските населби и квалитативно подобрување на условите за живеење и работа преку: оптимализација на густините во станбените и работните зони, респектирање на постојната урбанистичко-архитектонска матрица, интерполирање на неопходни содржини кои не се во колизија со основните функции, екипирање со елементи на комуналната инфраструктура, зголемување на зелените површини и елиминирање на колизионите фактори.

Организацијата на територијата на Републиката на просторно-функционални единици има за цел да овозможи:

- рационална организација и оптимална усогласеност на јавните функции со потребите и интересите на локалната самоуправа;
- рационализација на процесот на управувањето;
- ефикасно задоволување на секојдневните потреби на населението;
- ефикасно планирање и реализација на активностите, усогласување и координација на програмите на локално ниво.

На територијата на Републиката, во рамките на концептот на просторно-функционалното разграничување, определени се вкупно 15 функционални единици со ист број функционални центри. Центрите на просторно-функционалните единици претставуваат населби со различен степен на централитет и број на жители во опфатот.

Просторно-функционални единици - 2020 год.

Ред. бр.	Просторно-функционална единица	Жители	Уч. во вк.%
1.	СКОПЈЕ: Центар, Карпош, Г. Баба, К. Вода, Чаир, Ѓ. Петров, Сарај, Чучер-Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Студеничани, Зелениково, Ш. Оризари, Сопиште, Кондово	614.400	27.6
2..	БИТОЛА: Битола, Ресен, Д. Хисар, Сопотница, Добрушево, Старавина, Бач, Кукуречани, Цапари, Могила, Новаци, Бистрица	155.300	7.0
3.	ВЕЛЕС: Велес, Градско, Извор, Богомила, Чашка	76.200	3.4
4.	ГЕВГЕЛИЈА: , Богданци, **Валандово,** Стар Дојран, Миравци	54.300	2.4
5.	ГОСТИВАР: Гостивар, Маврови Анови, Србиново, Вруток, Долна Бањица, Чегране, Врапчиште, Полошко	113.800	5.1
6.	КАВАДАРЦИ: Кавадарци, , Демир Капија, Росоман, Конопиште	73.200	3.3
7.	КИЧЕВО: Кичево, М. Брод, Пласница, Самоков, Осломеј, Другово, Зајас, Вранештица	93.400	4.2
8.	КОЧАНИ: Кочани, Делчево, Виница, Македонска Каменица, Зрновци, Блатец, Оризари, Облешево, Чешиново	97.900	4.4
9.	КУМАНОВО: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Орашац, Липково, С.	186.900	8.5

Ред. бр.	Просторно-функционална единица	Жители	Уч. во вк.%
	Нагоричане, Клечевце, Ранковце		
10.	ОХРИД: Охрид, Струга, Косел, Белчишта, Мешеишта, Делогожди, Велешта, Вевчани, Лабуништа, Луково	174.300	7.8
11.	ПРИЛЕП: Прилеп, Крушево, Витолиште, Тополчани, Долнени, Кривогаштани, Житоше	119.200	5.4
12.	СТРУМИЦА: Струмица, Берово, Пехчево, Ново Село, Муртино, Босилово, Куклиш, Василево; Радовиш, Подареш, Конче	144.600	6.5
13.	ТЕТОВО: Тетово, Боговиње, Камењане, Брвеница, Желино, Шипковица, Џепчиште, Јегуновце, Теарце, Вратница	203.000	9.1
14.	ШТИП: Штип, С. Николе, Пробиштип, Злетово, Карбинци, Лозово	116.650	5.2
15.	ДЕБАР: Дебар, Ростуше, Центар Жупа	18.870	0.8

Домување

Во Просторниот план на Р Макединија, функцијата **домување** е детерминирано како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и опш-тевениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое семејство;
- подигнување на стандардот на домување во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичка градба на станови;
- замена на субстандардните станови со нови;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигнување на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на стан овите како хумани простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар
- изградба на социјални станови и
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување на поволни кредитни услови за станбена изградба
- дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна градба.

При проекција на потребниот станбен фонд за потребите на **Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово** треба да се обрне внимание особено на:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства;

- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд;
- потребите кои произлегуваат од станбениот стандард и културата на домувањето и друго;
- од потребата за предвидување на станови за одмор и рекреација.

Основна определба во политиката на станбената изградба во Валандово во планираниот период (според ГУП-от) треба да биде е реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Проекцијата на потребниот станбен простор за градот Валандово во планскиот период треба да се заснива на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25 m^2/жител станбена површина, 40-80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Врз основа на предвидените демографски показатели кои се однесуваат на порастот на бројот на домаќинства во планскиот периот, намалување на просечната големина на домаќинствата, механичкиот прилив и другите параметри кои треба да се задоволат, во Просторниот план е дадена проекција на станбените потреби за сите општини во Републиката.

	Општина Валандово
станбен суфицит	259
станови кои се задржуваат	3033
субстандардни станови	410
домаќинства во 2020г	4375
нови станови по основ пораст на население	1191
нови станови по основ отклонување на дефицит	0
вкупно нови станови во 2020г	1601
вкупно станови во 2020г	4634

*податоците се земени по старата територијална поделба согласно ППРМ

Иако овие податоци се презентирани за **Општина Валандово**, тие може да се користат како ориентациона рамка за потребите на ГУП-от, односно на ниво на градот Валандово.

Во експертните елаборати кои се составен дел на ППРМ евидентирани се локалитети со **бесправна градба на целата територија на Р Македонија.** Бесправната градба предизвикува бројни последици во просторот ме|у кои најмаркантни се:

- узурпација на земјоделските површини,
- уништување и деградација на природните вредности,
- изградба на објекти на површини од јавен интерес,
- создавање на нехигиенски населби,
- концентрација на населението без социјална инфраструктура,
- изградба на многу недовршени објекти.

За сузбивање на бесправната градба донесена е соодветна законска регулатива со што се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и третман на бесправно изградените објекти: Закон за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на РМ” бр.23/11), Законот за изменување и дополнување на

Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на РМ” бр. 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14,199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17), како и стандардите според кои се вклопуваат бесправните објекти во урбанистичко планската документација, утврдени со Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ, бр.56/11).

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

– достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
– воедначен квалитет на пружените услуги;
– прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Целите за развој на јавните функции по дејности се следни:

Основно образование:

– по можност во секое населено место да има основни училишта или во непосредна околина, со организиран превоз со училишни автобуси;
– изградба на нови и реконструкција на стари училишни објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања како и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;
– целосна опафатеност на децата на возраст од 5-14 години во училиштата.

Средно образование:

– обезбедување целосен опфат на младината од средно училишна возраст;
– перманентно обезбедување на материјална подлога во смисол на развивање на порамномерна мрежа на средни училишта достапни за поголемиот број на населени места;
– изградба и реконструкција на објекти согласно современите педагошки и хигиенски барања и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и наведените цели (за објектот и дворното место);
– усогласување на програмските содржини со потребите на стопанството и нестопанските дејности, засновани на современата педагошка наука и практика со нагласена општо - образовна и воспитна димензија.

Високо образование - развојот на високото образование треба да се базира на следните елементи:

– капацитетите на високо-училишните установи и нивната просторна разместеност дефинирани се со постојните објекти и комплекси, а

профилите ќе се редифинираат согласно потребите на стопанството и нестопанските дејности, во таа смисла што насочувањето треба да се одвива во правец на обезбедување на високо-стручни кадри за насочени области и гранки на развојот;

– усогласување на развојот на високо-училишните институции со очекуваната забрзана социјална, економска, културна и друга развојна тенденција на населението.

Образование за возрасни - образованието за возрасни треба да се одвива во наредниот период во следните насоки:

– перманентно стручно образование на возрасните, усовршување, квалификација и специјализација на кадрите;
– оспособување, усовршување, преквалификација на работниците.

Здравство:

– порамномерен развој и намалување на разликите на развиеност на основната здравствена заштита помеѓу урбаната градска и руралната средина;
– подобрување на просторната организација на здравствените служби (функции, капацитети, елементи) во смисол на интегрираност и рационалност во задоволување на потребите на населението;
– зголемување на фондот на постели и подобрување на структурата на здравствените работници.

Социјална заштита:

– понатамошен сѐ порамномерен развој на организациите за социјална заштита и организациите за згрижување и воспитание на децата и нивно поттикнување, од кои дел, во пазарните услови на стопанисување, ќе може да се формираат и како приватни институции согласно потребите на населението;
– поразвиени капацитети и мрежа на детски установи (јасли, комбинирани детски установи и сл.);
– опфатеност на децата на предучилишна возраст до 70% во предучилишни установи, со целодневно или полудневно боравење;
– за заштита на здравјето на старите лица да се организираат специфични видови на заштита (сместување, исхрана, домашна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.).

Култура:

– очекуваниот динамичен развој произлегува од основните социо-економски трансформации, при што во услови на пазарниот начин на стопанисување треба да се овозможат значително поголеми можности на барање на повисоки форми на културно живеење;
– во планскиот период, акцент треба да се даде врз забрзаниот културен развој на населените места вон градовите, посебно во новоформираните центри на новите општини.

Физичка култура:

– обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност;
– проширување на мрежата на објекти на ниво на градот, во установите за дневен престој и училиштата, согласно оптималните стандарди од оваа област.

Во рамките на планирана мрежа на јавните служби во Валандово, Општина Валандово, покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:

– сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.) со можност за дневни контакти на поголеми дистанци како една од причините за урбаната концентрација, развој на комплементарни содржини за одделни дејности (домови, пансиони, стационари, кујни и сл.) и усогласено работно време на одделни јавни дејности според потребите на граѓаните,
– утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Препораката за организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, градот Валандово е категоризиран како **општински центар и центар на микрорегион** со популациска големина под 30.000 жители. Ваквата позиција на градот во системот на населби во Републиката го предвидува следното ниво на јавни функции:

Образование:

– основно (деветолетка), кое е задолжително за сите населби;
– задолжително средно образование за општинските центри и по потреба во некоја од руралните општински центри;
– високо образование може да се предвиди доколку постојат економски оправданости и интерес на заедницата, за што би тебало да се направат дополнителни истражувања;
– организирање на комплементарни функции, а тоа се ученички и студентски домови кои не се задолжителни, но се пожелни, доколку постои интерес и економска основа за нивно организирање.

Здравствена заштита:

– од примарна здравствена заштита задолжителни се здравствен дом, медицински центар, вонблоковски стационар во општинскиот центар и аптеките како комплементарни служби;
– од секундарната здравствена заштита задолжителни се општите болници, заводи за здравствена заштита а ако постои интерес и

економска основа може да се предвидат и специјални болници и центри за рехабилитација.

Култура:

– библиотеки, дом на култура домови за млади деца а доколку постои интерес и економски основ, пожелно е да се предвидата музеи, архив, галерија, изложбени простори и некакви институции од информатичката дејност;
– сите горе наведени, може да се организираат како потреби на седиште на општина.

Физичка култура:

– различни отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со уредени санитарни простори и со соодветен режим на користење,
– покриени објекти за спорт и рекреација со соодветни санитарни уреди и режим на одржување и користење (базени, тениски игралишта, вежбалници и сали за гимнастика), доколку постои интерес и економски основ;
– доколку постои интерес и економска основа во Валандово, како седиште на општина и центар на микрорегион, може да се организираат и помали спортско-рекреативни центри со мултинаменски карактер, па дури и такви кои ќе задоволуваат стандарди за сојузни и меѓународни натпревари, со оглед на можностите за развој физичката култура и на туризмот.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во Валандово се:

За образование:

– за одредување на површината на училишниот објект потребно е минимум 7 m^2 по ученик и минимум 20 m^2 по ученик за комплексот на училиштето;
– за одредување на површината на училишниот објект за средно образование потребно е минимум 8 – 10 m^2 по ученик и минимум 25 m^2 по ученик за комплексот на училиштето;
– за одредување на површината на објектот за високо образование потребно е минимум 8 – 10 m^2 по студент и минимум 30 m^2 по студент за комплексот.

За здравство:

– гравитациско подрачје на здравствените станици и мобилна здравствена служба да е до 1000 m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2 лекари;
– да се обезбеди минимум 6 лежаи на 1000 жители, минимум 8 m^2 по болнички лежај од површината на објектот и минимум 80 m^2 по лежај на парцелата за здравствениот објект (болници).

За социјална заштита:

– за објектите од социјален карактер за деца без родители и за стари лица се планираат по 3 места на 1000 жители со минимум 15 m^2 на површина на објектот по корисник и минимум 30 m^2 на комплексот по корисник;
– за организации за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се планираат по 9 m^2 по дете од бруто површина на објектот. Од површината на парцелата се планира по минимум 30 m^2 по корисник за детски јасли и 35 m^2 по корисник за детска градинка.

За култура:

– постигнување на повисок степен на организираност, зголемување на степенот на искористеност на постојните културни капацитети со проширување на мрежата на установи, не само преку државни институции, туку и преку локалните заедници и приватниот интерес за инвестирање во овие дејности. За библиотеките се планира минимум 100 m^2 на 1000 жители. За театрите на 1000 жители се планираат 20 места, односно по 7 m^2 за едно место од објектот. За кино на 1000 жители се предвидува 50 места, односно за едно место се предвидува мин 3 m^2 по гледач.

За физичка култура:

– поттикнување и охрабрување на локални и приватни иницијативи, покрај државните за подобрување на постојните капацитети и градба на нови. За објекти од спорт и рекреација од површината на парцелата се предвидува мин 2 m^2 по жител за игралишта за деца и 2 m^2 по жител за спортски терени.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со “Е” ознака на

патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1 :(СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ;
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција);
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија);
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

- **Р1401** - (Струмица-врска со А4-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со Р1102).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - ГР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) железничката патна мрежа релевантна за предметниот простор влегува во групата на можни секундарни врски со соседните држави предвидена како:

- **Смоквица-Петрич**, со изградба на нова железничка линија на целата релација. Алтернатива: изградба на железничка линија Смоквица – Дојран – Дојрани.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

При планирање на локацијата да се почитува **Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18) и **Законот за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10 и 23/11 и 53/11, 158/11 и 137/13 и 163/13 и 42/14 и 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18 и 64/18).

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да

се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Р Македонија се: М-Телеком, ОНЕ.ВИП и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура;
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот,
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,

- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и дР Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Валандово.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа до крајот на 2020 година треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За потреби на градот, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја

респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето и подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Доколку со ГУП-от за Градот Валандово се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби кои треба да се имаат во предвид доколку со ГУП-от се предвиди простор за градба на индустриски објекти:

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за градење на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компоненета на развојот.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За **реализација на системот на заштита на животната средина** при изработката на **Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово** потребно е да се почитуваат следните цели:

- Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението во релација со квалитетот на животната средина;
- Создавање на инфраструктура којашто сеопфатно ќе ги поврзе загадувачите, субјектите на контрола и мониторинг, како и институциите во коишто се планира развојот, во законски определени рамки;
- Заштеда на енергијата преку производство на топлинска и електрична енергија од отпадните гасови од индустриски капацитети, користење на биогас и рециклирање како заштеда на суровини, природни ресурси и енергија, заштеда на водни ресурси преку глобално управување со водостопанските системи;
- Основа за управувањето со животната средина да биде сеопфатен мониторинг, воспоставување стандарди и мерки за заштита во зависност од капацитетот на подрачјето, усогласено со постојната законска регулатива.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н.

Одредби за спроведување на Просторниот план на Република Македонија кои треба да се почитуваат при изработката на **Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово** се:

- Воспоставување и одржување на Катастар за животната средина;
- Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во индустрискиот и енергетскиот сектор и зголемување на ефикасноста на системите за пречистување кај евидентираните загадувачи преку издавање на интегрирани еколошки дозволи;
- Управување со загадување од сообраќајот;

- Подобрување на квалитетот на површинските води со задолжителна изградба на станици за предтретман на индустриските отпадни води;
- Заштита на изворишта, бунарите и подземните води како потенцијал за водоснабдување со утврдување на заштитни зони;
- Рекултивација на деградирани површини, депонии за комунален цврст отпад и "диви" депонии во регионот;
- Заштита на шумите во подрачјата покрај урбаните зони.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Генералниот урбанистичкиот план за град Валандово треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, има предложено за заштита природно наследство:

ПЛАТАН (Валандово) **СП (предлог)**

Две платанови стебла *(Platanus orientalis)* кои се наоѓаат во центарот на градот. Висината на стеблото изнесува 18 m односно 19 m.

Покрај дендролошката, стеблата имаат и воспитно-образовна намена.

Меѓународен статус според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN): III категорија и *режим на заштита*: 6.

ПЛАТАН (Валандово) **СП (предлог)**

Две платанови стебла *(Platanus orientalis)* се наоѓаат 0,5 km. источно од Валандово, едното од левата а другото од десната страна на патот од патниот правец Валандово-Струмица. Висината на стеблото изнесува 18 m односно 25 m, а обемот на деблото 3,40 m, односно 4,80 m. Дендролошка намена. Стеблата се во добра состојба

Меѓународен статус според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN): III категорија и *режим на заштита*: 6.

ПЛАТАНИ (Валандово) **СП (предлог)**

Платаново стебло *(Platanus orientalis)* кое се наоѓа 2,5 km јужно од

Валандово во напуштеното село Чесново. Висината на стеблото е 18 m, обемот на деблото е 8,10 m, проекција на крошната 16 m, со старост од околу 350 год. Објектот има дендролошка намена и е во добра состојба.

Меѓународен статус според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN): III категорија и *режим на заштита*: 6.

Потребно е при изработка на Генералниот урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18).

Доколку при изработката на Генералниот урбанистичкиот план за град Валандово или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено

својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита на културното наследство, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Валандово, кое е предмет на анализа регистрирани се следните недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Стакина Чешма",Валандово, доцна антика (4 век);*
2. *Средновековна кула (Марко куле), Валандово, среден век.*

На подрачјето на катастарската општина Валандово, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Археолошки комплекс-Мозаици", Валандово, крај на 3-ти век до 5-ти век;*
2. *Археолошки локалитет "Зелениште", Валандово, архајски период, (6-5 век п.н.е.);*
3. *Археолошки локалитет "Манастириште", Валандово, доцноантички период;*
4. *Археолошки локалитет "Исар-Кале", Валандово, римски период-среден век;*
5. *Споменик на паднати борци во НОВ, Валандово, 20 век;*
6. *Црква Св.Димитрие, Валандово, 19 век.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

- **КО Валандово** - *Зелениште,* некропола од раноантичко време, се наоѓа во центарот на градот каде се откриени 9 гробови кои се ориентирани во правец исток-запад; *Исар Кале,* градиште од доцноантичко време и среден век, се наоѓа на 1.8 km. северозападно од градот, лоциран на височинка што доминира над околината; *Манастириште*, некропола од доцноантичко време, лоцирана на 1 km северно од градот во близина на средновековната тврдина, на едно мало плато откриени се група на гробови во кои се пронајдени керамички садови и монети; *Стакина Чешма,* населба од римско време, се наоѓа на 300 m јужно од градот, од двете страни на суводолица што се спушта кон Анска Река;

Според просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18) културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Средно - Вардарски туристички регион со утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат национално туристичко значење. Во непосредна близина на ова подрачје минува и Транзитен туристирчки коридор којшто е од меѓународно значење.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди

(ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **IX степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Валандово.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална

намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;

- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или

ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- **мрежата на населби;**
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во конкретниот случај, **Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово**. Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Површината на планскиот опфат изнесува 182,68 ha.

Површината на планскиот опфат за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 181,17ha. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени услови за планирање на просторот за изработка на:

- Државна урбанистичка планска домументација за бензиска пумпна станица со придружни објекти покрај регионалниот пат Р1401, на КП 3423/1, 3421/1, 3417, 3420/1, 3423/2, 3421/2, 3420/2, дел од 3413 и дел од 3428, м.в. Мечкин Даб, КО Валандово, Општина Валандово, со тех. бр. Y14815 и со површина од 1,37 ha и
- Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс – лесна и незагадувачка индустрија (Г2), на КП бр. 3408, м.в. Мачкин Даб, КО Валандово, Општина Валандово, со тех. бр. 10511 и со површина од 0,14 ha.

При изработка на планската документација за Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, се задолжува Општината да ги земе во предвид намените во просторот за кои се издадени Услови за планирање**.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија**.

При изработка на Генералниот урбанистички план, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области:

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за лоцирање на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Генералниот урбанистички план за Град Валандово во Општина Валандово, согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**
- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни**

сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина на планскиот опфат на ГУП-от за Градот Валандово.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Шуми и шумско земјиште

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се оствари оптимална корист од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За квалитетно и долгорочно водоснабдување на градот потребно е околу изворникот да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во зоните. Исто така потребна е синхронизирана изградба на водостопански објекти и примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем со што ќе се овозможи рационално користење на водата;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман. Квалитетот на пречистените отпадни води да биде во согласност со “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”;

- Доколку во границите на планскиот опфат на градот постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа во градот, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води.
- Во ВП „Долен Вардар“ изградени се системи за наводнување како дел од проектот “Јужна Вардарска Долина”. Во 2007 год. завршена е првата фаза од изградбата на системите за наводнување која опфаќа вкупна површина од 2.628 ha и реконструкција на површина од 1.050 ha. Во втора фаза се предвидува изградба на системи за наводнување на површина од 3.904 ha на системите Миравци, Удово, Валандово, Грчиште, Кованци, Негорци/Прдејци, Паљурци и Гевгелија. При изработката на планската документација за градот да се утврди местоположбата на веќе изградените и планираните објекти од системот за наводнување. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на неговата пренамена во градежно.
- Низ градот минуваат површински водотеци за кои при изработката на планската документација треба да се предвиди регулација и заштитни појаси со цел да се заштити просторот од негативните последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За градот Валандово потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, грдот Валандово, спаѓа во категоријата микрорегиони, со популациска големина под 30.000 жители, застапеност на јавни функции, функции на општествен стандард и услуги: гравитациско влијание врз најмалку две општини.**
- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.
- **Стимулирање на изградба во постојните граници на градското градежно земјиште, преку примена на еколошки и економски мерки и планерски нормативи и стандарди.**
- Респектирање и обновување на идентитетот на градските населби и квалитативно подобрување на условите за живеење и работа преку: оптимализација на густините во станбените и работните зони, респектирање на постојната урбанистичко-архитектонска матрица, интерполирање на неопходни содржини кои не се во колизија со основните функции, екипирање со елементи на комуналната

инфраструктура, зголемување на зелените површини и елиминирање на колизионите фактори.

Домување

- Основна определба во политиката на станбената изградба во Валандово во планираниот период (според ГУП-от) треба да биде е реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Проекцијата на потребниот станбен простор за градот Валандово во планскиот период треба да се заснива на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25 m^2/жител станбена површина, 40-80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

- Организација на планираната мрежа на јавните функции, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазаување на пропишаните стандарди и нормативи согласно Просторниот план на Р Македонија и под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

  Р1401 - (Струмица-врска со А4-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со Р1102).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- При планирање на локацијата да се почитува **Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија” број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18) и **Законот за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија” број 48/10 и 23/11 и 53/11, 158/11 и 137/13 и 163/13 и 42/14 и 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18 и 64/18).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:

- Планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Индустрија

- Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и **поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- Во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- **Доколку со ГУП-от за градот се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**
- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.**
- **Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија на подрачјето на катастарската општина Валандово, има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата.**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија на подрачјето на катастарската општина Валандово, има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата.**

- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
В5- верски институции
Г -Производство, дистрибуција и сервиси
Г2- лесна и незагадувачка индустрија
Г3- сервиси
Г4- стоваришта
Д- Зеленило и рекреација
Д1- парковско зеленило
Д2- заштитно зеленило
Д3 -спорт и рекреација
Д4- меморијални простори
Е- Инфраструктура
Е1- комунална инфраструктура
Е2- комунална супраструктура

Класите на намени се составени од следните основни намени:
А ДОМУВАЊЕ
А1 домување во станбени куќи ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови: самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи и други, како градби со максимум 4 (четири) станбени единици.
А2 домување во станбени згради ги опфаќа сите станбени, станбено-деловни згради како: самостоечки, блоковски низи, терасести и слично.
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б1 мали комерцијални и деловни дејности во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и слично со максимална катност П+1.
Б2 големи трговски единици во кои спаѓаат сите видови трговија на мало која се остварува во самостојни објекти или во значителни делови од објектите како што се трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети, затворени пазари и пазари на отворено.
Б4 деловни дејности кои се одвиваат во големи канцелариски простори од управни и административни згради и слично.
Б5 хотели во кои спаѓаат сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер.
В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В1 образование и наука во кои спаѓаат сите видови основно, средно и високо образование, континуирано и дополнително образование, како и сите видови научни институции.
В2- здравство и социјална заштита во кои спаѓаат сите видови болници, здравствени домови, лечилишта и др, како и сите видови на социјални установи и детски градинки.
В3 култура со сите видови дејности кои се одвиваат во специјални градби како што се театри, кино сали, музеи, галерии, кинотеки, домови на културата, филхармонии, опери и др.
В4 државни институции во кои спаѓаат сите органи на извршната, судската и законодавната власт, државни институции, заводи, агенции и дирекции, дипломатски претставништва, како и органи на локалната самоуправа.
В5 верски институции во кои спаѓаат цркви, џамии, синагоги, манастири, текиња и др.

Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г2 лесна индустрија во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.
Г3 сервиси за одржување и поправка на опрема и индустриски производи како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и др.
Г4 стоваришта во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затворен простор, во специјални услови за чување, отпади, автопазари и др.
Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д1 парковско зеленило во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк-шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично.
Д2 заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони.
Д3 спорт и рекреација во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт и рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители и сл.
Д4 меморијални простори во кои спаѓаат меморијален парк, спомен парк, верски објекти со гробишта, гробишта и слично.
Е ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 комунална инфраструктура во кои спаѓаат сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема.
Е2 комунална супраструктура во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, автобуски и железнички станици, пристаништа, полигон за обука на возачи на моторни возила, станици за технички преглед, акумулации и брани за водоснабдување, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензински пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 КВ, градби за производство на енергија,резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично.

Заради флексибилност на планот, при одредување на намената на земјиштето како планска одредба со алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво. Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминува максимално дозволениот процент на учество даден во табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18).

Намена на земјиштето
А - Домување
Домувањето како група на класа на намена е најзастапено во рамките на вкупната површина на планскиот опфат со учество од 64,31%. Со планските решенија на ГУП наменските зони од домувањето се дефинирани со поединечни основни класи на намени.

А - домување	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
А1 - домување во станбени куќи	110.64	62.01%
А2 - домување во станбени згради	4.10	2.30%
вкупно	114.74	64.31%

Густина на населеност:
Густината на населеност се пресметува како количник од бројот на жители и површините под група на класа на намени - А -домување на ниво на плански опфат.

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во градот Валандово биле регистрирани вкупно 4402 жители од кои 190 се деца до 4 години (4.3% од вкупниот број на жители), а 594 се деца на возраст од 6 до 14 години (13.4% од вкупниот број на жители).
Прирастот на населението за период од 17 години (од 2002 год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Во опфатот на град Град Валандово инвентаризирани се околу 1435 објект/станови за домување. Доколку се земе како влезен податок дека во еден објект/стан живее по едно семејство, а просекот на број на членови би изнесувал 3,5, добиена е бројка од 5023 жители.
Согласно документационата основа пресметаната густина на населеност како количник од бројот на жители и површините под група на класа на намени А- домување (55,18ха) на ниво на плански опфат изнесува 91 жители/хектар.
Површината за домување во планскиот опфат се зголемува од 55,18 ха (површина на постоечка зона), на 114,74 ха, односно за 59,56 ха.

Преку примена на демографски параметри врз апроксимативниот примерок и со метод на поставување на исти демографски рамки за развој во подрачјето кое за прв пат станува дел од градежната зона се доаѓа до планираниот број на жители за целото подрачје на планскиот опфат на ГУП Валандово, односно 114,74 Х 91жител = 10441 жители.
Вкупниот планиран број на жители во планскиот период од 2019 до 2029 година се предвидува да изнесува 10443 жители. Планираната просечна бруто густина на населеност изнесува 58,5 ж/ха, додека планираната просечна нето густина на населеност изнесува 91,00 ж/ха.

При изработка на планови од пониско ниво да се планираат густини на домување до 100 жители/хектар кај основната класа на намена А1-домување во станбени куќи, 150 жители/хектар кај основната класа на намена А2-домување во станбени згради.

Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во град Валандово.
Бројот на жители е релевантен податок и при определување на намената на површините кои теба да одговорат на потребите за објекти од јавен интерес како што се основни училишта, потоа објекти за спорт и рекреација и сл., а согласно член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Б - Комерцијални и деловни намени

Комерцијалните и деловни намени како група на класа на намена во рамките на вкупната површина на планскиот опфат имаат учество од 1,47%. Со планските решенија на ГУП наменските зони се дефинирани со поединечни основни класи на намени. Најзастапени се намените Б1 - мали комерцијални и деловни намени. Кои се однесуваат на постоечките услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини. Останатите комерцијални и деловни намени се сингуларни намени, претежено застапени во централното градско јадро.

Б - комерцијални и деловни намени	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
Б1 - мали комерцијални и деловни намени	1.65	0.92%
Б2 - големи трговски единици	0.62	0.35%
Б4 - деловни намени	0.16	0.09%
Б5 - хотели	0.19	0.11%
вкупно	2.62	1.47%

В - Јавни институции

Општествениот стандард како комплекс од функции во доменот на општествената надградба произлегува од специфичностите на поднебјето, културно-историскиот развој, местоположбата на градот во поширокото опкружување, достигнатиот степен на развиеност и опременост со капацитети и општествено прифатени критериуми и стандарди во доменот на: образованието, културата, здравството, социјалните грижи и др. Тој се базира на достигнатото ниво на развојот на кој се надоврзуваме и е во директна корелација со претпоставките за идниот демографски развој, развојот на домувањето и стопанските дејности, како и со влијанието на специфичностите во начинот на живеењето. Јавните институции како група на класа на намена во рамките на вкупната површина на планскиот опфат имаат учество од 5,30%.

В - јавни институции	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
В1 - образование и наука	5.58	3.13%
В2 - здравство и социјална заштита	1.82	1.02%
В3 - култура	0.45	0.25%
В4 - државни институции	1.42	0.80%
В5 - верски објект	0.19	0.11%
вкупно	9.46	5.30%

В1 - образование и наука

Во оваа основна класа на намена, припаѓаат основното и средно образование со следните површини и процент на застапеност:

В - јавни институции	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на намена
В1 - образование и наука- основно образование	3.70	39.11%
В1 - образование и наука- средно образование	1.88	19.87%

Околу 12% од населението се деца во школска возраст, што во планскиот период значи очекувани околу 1253 деца за кои треба да се обезбеди површина за основно училиште и средно училиште.
Нормативи за пресметување на минималните површини при оформување на градежна парцела според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18) изнесуваат 20м2 по ученик за основно образование.
Планирана основна класа на намена В1-образование и наука- основно образование изнесува 37000м2 / 20 м2 = 1850 ученици, занчително го надминува основниот норматив.
Нормативи за пресметување на минималните површини при оформување на градежна парцела според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18) изнесуваат 25м2 по ученик за средно образование, односно максимални 752 ученици во планираната намена, која претставува 7,2% од вкупниот планиран број на жители.
Дел од вкупниот број на планирани ученици во средно образование мигрираат односно се школуваат во поголемите општини и населени места или надвор од државата.

В2 - здравство и социјална заштита
Во оваа основна класа на намена, припаѓаат здравствен дом и детска градинка со следните површини и процент на застапеност:

В - јавни институции	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на намена
В2 - здравство и социјална заштита (здравствен дом)	1.26	13.32%
В2- здравство и социјална заштита (детска градинка)	0.56	5.92%

Нормативи за пресметување на минималните површини при оформување на градежна парцела според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18) изнесуваат 30м² по корисник за детски јасли и 35м² по корисник за детска градинка.
Планираните површини за основната класа на намена В2- здравство и социјална заштита-детска градинка, овозможува грижа за 185 деца , односно приближно 2% од од вкупниот планиран број на жители.
Доколку се реализира пресметаниот број на деца за планскиот период, и се зголемат потребите за планирање на детски градинки преку разработка на планови од пониско ниво истите може да се планираат во рамки на групата на класа на намена В-јавни институции, или како компатибилни намени на основната класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16,бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18).
Нормативи за пресметување на минималните површини при оформување на градежна парцела според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18) изнесуваат 80м² по легло за клинички центи и болници.

За планираните наменски зони В1-образование и наука и В2-здравство и социјална заштита-детска градинка, не се дозволуваат компатибилни класи на намени, освен Д3-спорт и рекреација.

Останатите намени од групата **В - јавни институции, се постоечки дефинирани намени** со следните површини и процент на застапеност:

В - јавни институции	површина (ха	процент на учество во однос на површината на намена
В3 - култура - дом на култура	0.45	4.76%
В4 - државни институции	1.42	15.01%
В5 - верски објект (црква)	0.19	2.01%

Г - Производство, дистрибуција и сервиси

Со планските решенија на ГУП се настојува наменската зона – производство, дистрибуција и сервиси да се хомогенизира врз основа на група на класа на намена, поради поголема флексибилност на планот. Со дадената поголема слобода се остава можност при идното планирање на планска документација од понизок ранг да се определи поединечната намена на земјиштето, во зависност од позитивните законски прописи, урбанистичките стандарди и нормативи.

Г - Производство, дистрибуција и сервиси	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
Г2 - лесна и незагадувачка индустрија	21.81	12.22%
Г3 - сервиси		
Г4 - стоваришта		

Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори како група на класа на намена во рамките на вкупната површина на планскиот опфат имаат учество од 4,82%. Со планските решенија на ГУП наменските зони се дефинирани со поединечни основни класи на намени.

Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
Д1 - парковско зеленило	0.27	0.15%
Д2- заштитно зеленило	4.14	2.32%
Д3 - спорт и рекреација	3.56	2.00%
Д4 - меморијални простори - гробишта	0.63	0.35%
вкупно	8.60	4.82%

Површините за зеленило претставуваат обврска за реализација и во рамки на наменските зони од другите класи на намени, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реализација на градбите.

Така, во градежните парцели кои ќе се формираат со намена А1 - домување во станбени куќи и А2 - домување во станбени згради, минималниот процент на зеленило изнесува 20%, односно, 20% во парцелите до 1000 м^2 и 25% во парцелите со површина над 1000 м^2; во градежните парцели кои ќе се формираат со намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени, Б2 - големи трговски единици, Б4 - деловни дејности, Б5 – хотели изнесува 20%; В1 - образование и наука, В2 – здравство и социјална заштита, В3 - култура, В4 – државни институции, В5 – верски институции, Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, Г3 – сервиси, Г4 – стоваришта; процентот на зеленило изнесува 30%; во градежните парцели кои ќе се формираат со намена Д3 - спорт и рекреација изнесува

20%; во градежните парцели кои ќе се формираат со намена Д4 - меморијални простори минималниот процент на зеленило изнесува 20%.
Според тоа, се доаѓа до показател од 34,25ха површина за зеленило, односно 32,8 м2 површина на зеленило по жител во рамки на планскиот опфат, и 4,2 м2 по жител од јавно зеленило.

ОСНОВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент на учество на зеленило	површина за зеленило (ха)
А - домување			
А1 - домување во станбени куќи	110.64	20.00%	22.13
А2 - домување во станбени згради	4.10	20.00%	0.82
Б - комерцијални и деловни намени			
Б1 - мали комерцијални и деловни намени	1.65	20.00%	0.33
Б2 - големи трговски единици	0.62	20.00%	0.12
Б4 - деловни намени	0.16	20.00%	0.03
Б5 - хотели	0.19	20.00%	0.04
В - јавни институции			
В1 - образование и наука	5.58	30.00%	1.67
В2 - здравство и социјална заштита	1.82	30.00%	0.55
В3 - култура	0.45	30.00%	0.14
В4 - државни институции	1.42	30.00%	0.43
В5 - верски објект	0.19	30.00%	0.06
Г - Производство, дистрибуција и сервиси			
Г2 - лесна и незагадувачка индустрија	21.81	30.00%	6.54
Г3 - сервиси			
Г4 - стоваришта			
Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори			
Д3 - спорт и рекреација	3.56	20.00%	0.71
Д4 - меморијални простори	0.63	20.00%	0.13
Е - инфраструктура			
Е2 - комунална супраструктура	2.79	20.00%	0.56
вкупно			34.25

Е – Инфраструктура

Е - инфраструктура	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
Е1 - комунална инфраструктура	18.39	10.31%
Е2 - комунална супраструктура	2.79	1.56%
	21.18	11.87%

Е1 - комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура

Во оваа основна класа спаѓаат сообраќајниците од примарната и секундарната мрежа, како и регулираните корита на река К1 (река Странец) и река К2 (суводолица).

Градска магистрална улица е главната сообраќајна оска на Валандово и го поврзува со населените места и мрежата на државните патишта кои овозможуваат брзо одвивање на сообраќајот помеѓу поедини делови на градот.
Со овој ГУП во делот на сообраќајот се планираат сервисни улици како граници на блокови кои претставуваат дел од секундарната улична мрежа. Дефинирани се напречните профили, радиусите на хоризонталните кривини и нивелацијата, со што ќе се овозможи поедноставна изработка на планови од пониско ниво.
Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат:

ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА:

- градска магистрална улица
  УЛ.„1";

СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА:

- сервисна улица
  УЛ.„С1"-УЛ.„С42" ;

Попречниот профил на УЛ.„1" - градска магистрална улица, се состои од два коловози (2*6,5м) со по две сообраќајни ленти (2*3,25м), велосипедска патека (1,5м) и тротоар (2-5м), како и разделен појас помеѓу коловозите (2м), со вкупна широчина од 22-28м.

Главна сообраќајна поврзаност на градот е преку регионалниот пат : – Р1401 - (Струмица-врска со А4-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци- врска со Р1102).

Стационарен сообраќај
Паркиралиштата се површини од градежното земјиште или од градбите кои се сообраќајно технички обликувани на безбеден и економичен начин да обезбедат групно стационирање на повеќе возила.
Паркиралиштата можат да бидат во градежните парцели и во градбите во градежните парцели во мои може да се изведат, а во посебни случаи и на земјиште за општа употреба и во катни гаражи. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Паркинг местата првенствено треба да се планираат во градежните парцели.
Површини и објекти за паркирање треба да се обезбедат во планови од пониско ниво или друга документација согласно законската регулатива при што треба да се почитуваат законски нормативи.

ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

ГРАДСКА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА (траса на Р1401)

ПРЕСЕК 1-1
УЛ.„1"



ПРЕСЕК 1.1-1.1
УЛ.„1"



ПРЕСЕК 1.2-1.2
УЛ.„1"



ПРЕСЕК 1.3-1.3
УЛ.„1"



СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

СЕРВИСНИ УЛИЦИ

ПРЕСЕК 2-2
УЛ.„С1", УЛ.„С2", УЛ.„С8", УЛ.„С9", УЛ.„С10", УЛ.„С13", УЛ.„С14", УЛ.„С15", УЛ.„С27"
УЛ.„С33", УЛ.„С40", УЛ.„С41", УЛ.„С42"



ПРЕСЕК 2.1-2.1
УЛ.„С14"



ПРЕСЕК 2.2-2.2
УЛ.„С8"



ПРЕСЕК 3-3
УЛ.„С3", УЛ.„С5", УЛ.„С6", УЛ.„С7", УЛ.„С11", УЛ.„С12", УЛ.„С16", УЛ.„С17", УЛ.„С18"
УЛ.„С19", УЛ.„С20", УЛ.„С21", УЛ.„С22", УЛ.„С23", УЛ.„С24", УЛ.„С25", УЛ.„С26", УЛ.„С28"
УЛ.„С29", УЛ.„С30", УЛ.„С31", УЛ.„С32", УЛ.„С34", УЛ.„С35", УЛ.„С36", УЛ.„С37", УЛ.„С38", УЛ.„С40"



ПРЕСЕК 3.1-3.1
УЛ.„С4", УЛ.„С23"



Нивелација

Како составен дел на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово е изработен Нивелациски план на уличната мрежа. Со нивелацискиот план се дефинирани висинските коти и координати на осовинските точки како и надолжни нагиби на нивелетите.

	x	y	z
1	7630213,9162	4575997,6152	112.00
2	7630262,0006	4575986,6558	111.60
3	7630457,6789	4576045,2578	111.00
4	7630582,8682	4576085,0075	116.50
5	7630733,7053	4575958,4466	116.50
6	7630734,7939	4575854,2360	111.20
7	7630584,6022	4575854,0220	105.00
8	7630383,2785	4575839,3224	99.00
9	7630261,8431	4575839,1195	102.50
10	7630297,7887	4575663,1912	93.00
11	7630405,9710	4575694,9170	93.50
12	7630298,7838	4575343,1120	84.50
13	7630390,3206	4575427,3079	86.20
14	7630490,1533	4575513,2238	91.00
15	7630724,7130	4575732,0062	106.50
16	7630763,6253	4575480,5945	93.00
17	7630742,2175	4575284,6901	84.00
18	7630835,4629	4575282,3480	85.20
19	7630848,8338	4575466,3034	91.00
20	7630844,8548	4575805,6289	111.50
21	7630967,9372	4575820,1068	112.50
22	7631001,9185	4575528,2894	97.00
23	7631112,7694	4575529,0959	98.70
24	7631164,0286	4575546,9003	100.00
25	7631181,1778	4575766,7900	110.00
26	7631393,9288	4575688,6286	113.50
27	7631393,9288	4575539,9028	106.50
28	7631491,6334	4575728,2924	118.00
29	7631697,0460	4575817,4188	127.30
30	7631935,8578	4575795,3212	125.70
31	7631968,0216	4575794,6133	124.00
32	7631894,5399	4576088,7480	134.00
33	7631723,9962	4576092,7704	136.00
34	7631539,6906	4576104,6114	138.00
35	7631499,8200	4575983,5852	131.30
36	7631257,8039	4575866,3007	117.50
37	7631153,4544	4575844,2666	114.00
38	7631157,8360	4576005,5757	122.50

39	7631067,2483	4575984,7013	122.10
40	7630856,5638	4575949,6011	119.80
41	7630872,6708	4576123,8035	130.90
42	7630821,2010	4576124,3574	131.80
43	7630779,5680	4576139,3187	130.50
44	7630193,3253	4576313,7327	141.00
45	7630964,2425	4576148,4763	134.75
46	7631031,8583	4576139,8009	130.80
47	7631206,3050	4576384,2439	147.30
48	7631148,9536	4576557,4155	161.00
49	7631387,6056	4576319,1840	146.70
50	7631302,9080	4576071,4811	129.50
51	7631353,4966	4576098,6926	132.00
52	7631605,5450	4576247,0765	146.60
53	7631935,5499	4576306,0517	143.50
54	7632118,8315	4576284,9940	140.00
55	7631974,8775	4576450,6652	150.00
56	7631765,4991	4576442,5029	165.00
57	7631620,8908	4576409,4679	156.20
58	7631499,9516	4576570,6659	167.00
59	7631491,9296	4576643,4087	171.70
60	7631769,3080	4576702,8103	186.50
61	7631756,1736	4576869,3682	198.00
62	7631835,7056	4576964,4992	208.00
63	7631478,7503	4576884,9609	195.70
64	7631516,5714	4577142,6892	216.50

Е2 - комунална супраструктура

Во оваа основна класа на намена спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: станици за технички преглед, бензински пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 КВ, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично.

Вкупната површина на основната класа на намена Е2-Комунална супраструктура, изнесува 2,79 хектари, односно 1,56% од вкупната површина на планскиот опфат.

Локациите на нови бензински пумни станици и услужни центри, и на останатите објекти од комуналната супраструктура, дел се дефинирани со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура, а дел ќе се дефинираат при изработка на планови од пониско ниво при што треба да се запазат сите пропишани стандарди (сообраќајни, безбедносни, еколошки) за ваков вид објекти.

Хидротехничка инфраструктура

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, се базира на податоците за постојната мрежа добиени од надлежните институции, насоките и заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и анализата на можностите и природата на теренот во рамки на планскиот опфат.

За согледување на потребите од водоснабдување и потребите за одведување на отпадните фекални и атмосферски води на планираните градби за плански период од 2019 до 2029 година направена е следната детална пресметка со проектирани вредности на потрошувачи:

1	Домување	107.72	
2	Комерцијални и деловни намени	2.69	
3	Јавни институции	15.22	
4	Производство, дистрибуција и сервиси	21.98	
5	Комунална инфраструктура	22.19	
6	Зеленило	8.60	
	вкупно (површина на опфат)	**178.41**	**ха**

1 Водоснабдување

Водоснабдување домување

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување за домување

Предвиден број на жители	N=	**10443**	
Водоснабдителна норма	Qo=	200	л/ден/жител
Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1.5	
Коефициент на часова нерамномерност	K2=	1.3	
Qср/ден=6201 x 200	=	2,088,600.00	л/ден
Qмах/ден=1.5 x 1.240.000	=	3,132,900.00	л/ден
Qмах/час=1.3 x1.860.000 / 24	=	169,698.75	л/час
Секундарни проточни количини			
q ср/ден	=	24.17	л/сек
q мах/ден	=	36.26	л/сек
q мах/час	=	**47.14**	л/сек

Комерцијални и деловни намени

Водоснабдување за вработени	Nв=	180	
Водоснабдителна норма	Qв=	25	л/ден/враб
Коефициент на нерамномерност	Kв=	2	
време за водоснабдување	т	6	часа
Qмах/ден=600x 25	=	4,500.00	л/ден/враб
Qмах/час=60000*2	=	9,000.00	л/час/враб
Qмах/час=120000/6	=	1,500.00	л/час
Qмах/час=20000/3600	=	**0.42**	л/сек

Миење на улици и залевање на зелени површини 30м3/ден/ха (за полевање 16 часа)	43.84	м3/час
	12.18	л/сек
ПП вода	**15**	л/сек
Вкупно потреба за водоснабдување	**74.734**	**л/сек**

2 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е

qotp=qmax/cas x 0.80 x 1.25 = 74.734 л/сек

Усвоено минимален пресек од ф250

3 Атмосферска канализација

Интензитет на врнежи qi	=	110.00	л/сек/ха
коефициент на истекување ψsr	=	0.40	л/сек/ха
q atm= F x qi x ψsr			
q atm= 178,41 x 110 x 0.40	=	7,850.20	л/сек/ха

Усвоен минимален пресек ф300

Во графичкиот прилог Инфраструктурен план на овој ГУП презентерана е постоечката водоводна мрежа како и планираната водоводна мрежа и соодветно се означени во легенда.
Противпожарната заштита на предметниот локалитет е предвидено да се реализира преку поставување на хидрантска водоводна мрежа во профилите на сообраќајниците со надворешни хидранти.

Количеството на вода за противпожарни потреби при едновремена работа на два противпожарни хидранти изнесува:

$q_{пожар}$ = 2*5,0 = 10,0 л/сек

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува согласно Правилник за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење пожар како величина не помала од 2,5 бари. Исто така, согласно истиот правилник, противпожарна мрежа треба да ги задоволи следните услови:

- Максималното растојание помеѓу два хидранти изнесува 80 метри;
- Најмалиот пречник во прстенестата противпожарна мрежа изнесува Ø100 мм;
- Најмалиот пречник на приклучната цевка на хидрантот изнесува Ø 80 мм.

Одведување на отпадни и атмосферски води:
Во рамки на планскиот опфат на град Валандово делумно постои изведена фекална и атмосферска канализација.

За прифаќање и одводнување на отпадните води се предвидува изградба на систем на фекална канализација со пречистителна станица, а за одведување на атмосферските води се предвидува изградба на систем на атмосферска канализација.

Фекалната и атмосферската канализација се со траси во коридорите на сообраќајниците и ги следат подолжните падови на планираните улици. Техничките детали ќе се решаваат во следна фаза со основни проекти и проекти за инфраструктура.
Фекалната канализација завршува во планирана пречистителна станица со диспозиција југозападно од градот, во близина на Анска река, од каде пречистените отпадни води преку канал се водат до река Вардар.
Минималниот профил кој е усвоен за новопланираните краци на фекална канализација е Ø250.
За атмосферската канализација усвоен е минимален пресек од Ø300.

За отпадните води и водите од технолошкиот поцес во рамки на зоните за производство, дистрибуција и сервиси се предвидува систем на прочистување во рамки на сопствена парцела. Пред да се изврши поврзувањето на корисниците кон мрежата, се предвидува задолжителен третман на отпадните води од технолошкиот процес во сопствената градежна парцела. Понатаму, отпадните води се прифатени од фекалната канализациона мрежа и се испуштаат во системот.
Притоа, квалитетот на отпадната вода мора да биде во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води", односно квалитетот на отпадната вода не смее да биде понизок од квалтитетот на реципиентот.

Крајниот реципиент на атмосферските и пречистените отпадните води преку река Анска е река Вардар, што се наоѓа надвор од граница со планскиот опфат на град Валандово.

Трасите на комуналната хидротехничка инфраструктура за планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, се планирани на земјиште за општа употреба. Во Планската документација, на графички прилог Инфраструктурен план се прикажани водоводната мрежа, атмосферската и фекалната канализација и соодветно се означени во легенда.

НАЧИН НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПРОФИЛ НА СООБРАЌАЈНИЦА



Регулираните корита на река К1 (река Странец) и река К2 (суводолица), согласно Хидростудија за водотеци во Валандово и решенија за заштитниот појас во рамки на град Валандово, придонесуваат за одведувањето на атмосферските води и заштитата од поплави и наноси.

ПРЕСЕК А-А
РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА РЕКА К1
(река Странец)



Координати на почетна и крајна точка на регулирано корито на река		
Точка	X	Y
Т 1	7631498.1	4576524.5
Т 2	7631599.47	4575537.4

ПРЕСЕК Б-Б
РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА РЕКА
К2(суводолица)



Координати на почетна и крајна точка на регулирано корито на река		
Точка	X	Y
Т 1	7630821.0	4576581.9
Т 2	7630781.4	4575583.5

ПРЕСЕК А1-А1
УЛ."С27" СО РЕГУЛИРАНО КОРИТО
НА РЕКА К1 (река Странец)



ПРЕСЕК А2-А2
УЛ."С11" СО РЕГУЛИРАНО КОРИТО
НА РЕКА К1 (река Странец)



ПРЕСЕК А3-А3
УЛ."С38" СО РЕГУЛИРАНО КОРИТО
НА РЕКА К1 (река Странец)



ПРЕСЕК Б1-Б1
УЛ."С23" СО РЕГУЛИРАНО КОРИТО
НА РЕКА К2(суводолица)



Електро-енергетска инфраструктра
Со Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, со површина на плански опфат од 178,41 ха, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2019 до 2029 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:

- А - домување: 1kW/жител
- Б - комерцијални и деловни намени и В - јавни институции: 193 kW/ха
- Г – производство, дистрибуција и сервиси: 293 kW/ха
- Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори: 15 kW/ха

Намена на земјиште			коефициент		потреби за електрична моќност (kW)
А - домување	10443	жители	1	kW/ха	10443.00
Б - комерцијални и деловни намени	2.69	ха	193	kW/ха	519.71
В - јавни институции	15.22	ха	193	kW/ха	2937.46
Г- производство, дистрибуција и сервиси	21.98	ха	293	kW/ха	6440
Д - зеленило и рекреација	8.60	ха	15	kW/ха	129.02
Е - инфраструктура	22.19	ха	15	kW/ха	332.85
				ВКУПНО	**20802.18**

Потребите за електрична моќност во рамки на планскиот опфат за плански период од 2019 до 2029 година изнесуваат 20802,16 kW.

Во рамки на планскиот опфат има евидентирано една трансформаторска станица која во графичкиот прилог *Инфраструктурен план* е прикажани со симбол кој ја означува. Точна локација и дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат при разработка.
Согласно податоците од ЕВН АД Македонија, во рамки на опфатот поминуваат траси на надземни водови и тоа: 10 kV надземен далековод и постојни трафостаници.
Трасите на новопланираната електро-енергетска мрежа се прикажани на графичкиот прилог *Инфраструктурен план* и соодветно се толкувани во легенда.
Во зоната за лесна и незагадувачка индустрија, доколку се утврдат зголемени потреби за снабдување кај поединечните капацитети, се предвидува изградба на трансформаторски станици во рамки на градежните парцели.
Сите деталите и развојот ќе бидат дефинирани во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија.
Според податоците добиени од АД МЕПСО, низ планскиот опфат не поминуваат постоечки и планирани траси во нивна сопственост.

Улично осветление
Според планскиот концепт на овој урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со поставување на нови расветни тела.

Со изработка на основните проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, ќе се дефинира моќноста на новите светлосни тела.

Електронска комуникациска инфраструктура

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат има изведена електронска комуникациска мрежа: бакарни кабли, телефонска канализација. Во голема мера оваа мрежа ги опслужува постоечките објекти. Поврзувањето во телекомуникацискиот сообраќај е со приклучок на телефонската централа во Валандово.

Со цел да се опслужат и површините кои за прв пат се тема на урбанизација со овој план, планирана е нова електронска комуникациска мрежа.

Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и истите да се надоврзат на постоечката мрежа. Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежната институција.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза и истиот не е лимитирачки.

Гасоводна мрежа и објекти

Согласно податоците во рамки на планскиот опфат на ГУП Валандово нема изведена и проектирана гасоводна мрежа и објекти.
Доколку во планскиот период развојните програми на надлежните институции укажат на потреба од приклучување на град Валандово во системот за гасификација, поставувањето на трасите на гасоводите и гасоводните објекти ќе се решава со проекти за инфраструктура.

Мерки за заштита

Во доменот на заштита на животната средина, регулирана со Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/15, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 74/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 59/12) и други законски и подзаконски акти, основната цел е преку соодветни плански поставки да се се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Градот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на предметот на планирање – населено место со доминантна намена домување и сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, проблемите

на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се уреди и одржува заштитното и парковското зеленило, како и зеленилото во рамки на единиците на градежното земјиште, што значи подобрување на микроклиматските влијанија во локалитетот.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:
• интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
• примена на соодветни современи техничко-технолошки мерки секаде каде што е потребно;
• обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантните воздушни струења;
• подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај или во коридорите на сообраќајниците;
• подобрување на состојбата на зелените површини во рамките на градежните парцели и планскиот опфат и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленилото во локалитетот со зелените простори надвор од планскиот опфат.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Законот за водите (Сл.Весник на РМ бр.4/98, 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел остварување на поставката за нивно планско и рационално користење, се предлагаат низа мерки за следење и заштита на нивниот квалитет, меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на сепаратни системи за фекални и атмосферски отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет, неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот, пречистување и друго.

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди контрола на употребата на материјали, суровини, хемиски заштитни средства и други продукти што ќе се користат во прометот и функционирањето на содржините во планскиот опфат.

Заштита од бучава
Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.Весник на РМ бр.1/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за домување со сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори кои претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградбата на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники на градење, кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените рамки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сервисните и станбените сообраќајници треба да се решава со насади од растителни видови (вегетација во

функција на заштитни зелени бариери) во рамките на дворните места (градежните парцели), особено во парцелите кои со лицето се на потегот покрај коридорот на регионалниот пат, формирање на поврзани зелени коридори и континуитет вон границата на планскиот опфат, доколку постојат услови за тоа.

Третман на отпад

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на различните видови отпад и создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

Заштита од природни и технолошки хаварии

Од аспект на загрозеноста на планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот и неговата физичка структура.

Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

- пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
- сообраќајните пристапи да се со ширина поголема од 4,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;
- Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Во случај на пожар, планскиот опфат ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Валандово;
- За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
- За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

Мерки за заштита и спасување од урнатини
За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
• При рушење, објектот зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
Во рамките на планскиот опфат, нема индустриски објекти,кои во производствениот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра,односно степенот на загрозеност од техничко-технолошки хаварии е мал, и при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

Заштита и спасување од радиолошка, хемиска и биолошка заштита
Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Мерки за заштита на културното наследство
Вградувањето на соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во ГУП се врши согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ, бр.20/04,115/07,18/11,148/11,23/13,137/13,164/13,38/14,44/14,199/14,104/15,154/15,192/15 и 39/16).
Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во просториите и урбанистички планови, врз основа на документацијата на недвижносто културно наследство, задолжително да утврдат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Според доставените податоци од Министерството за култура на РМ - Управа за заштита на културното наследство (17-807/2 од 21.02.2019 год.), во рамките на планскиот опфат

на ГУП за град Валандово , Општина Валандово има заштитени добра и добра за кои основано се престпоставува дека претставуваат културно наследство.
За подрачјето на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план за град Валандово,НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица има изработено Заштитно конзерваторски основи (бр.09-234/5 од 21.06.2019).

Валоризација
Валоризација на археолошкиот локалитет ,,Зелениште" - Валандово, кој заслужува да биде ставен под заштита. Археолошкиот локалитет ,,Зелениште" – Валандово евидентиран со матичен број 4-804-010/10 ЕНД.

Бр.1.	
Назив	Археолошки локалитет ,,Зелениште"
Локација	Локалитетот се наоѓа во југоисточниот дел на градот Валандово, во дворот на здравствен дом
Адреса	
Катастарска парцела	КП 3335
Опис на содржините	Археолошкиот локалитет,, Зелениште" – Валандово претставува рано античка некропола. Погребувањата се датирани кон крајот на VI и раниот V век пр.н.е.
Време на настанување	Рана антика – архајски период (крајот на VI и почеток на V век пр.н.е.).
Граници на заштитено добро	КП 3335

Контактни зони	• На запад: дел од КП 3375/1

	• на југ: дел од КП 3428 и дел од КП 3267/1 • на исток: дел од КП 3303/1 ☐ на север: КП 3319/1, КП 3319/2, КП 3319/3, КП 3317/1, КП3317/2 и КП 3320
Површина на доброто	12931,48м^2
Вкупна површина на заштитеното добро	12931,48м^2
Автор	/
Време на настанување	крајот на VI и почеток на V век пр.н.е.
Намена	Археолошки локалитет
Вредности и значење	При изградба на болницата во Валандово, во мај 1984 година на локалитетот ,,Зелениште" зафатен е дел од нова, порано непозната некропола, при што се откриени неколку скелетни гробови – цисти. На некрополата ,,Зелениште" во Валандово се истражени само 9 погребувања, сите тие се датирани кон крајот на VI и раниот V век пр.н.е., без индиции за постоење на постари или помлади погребувања. Гробните конструкции во некрополата се масивни, градени од убаво обработени камени плочи – монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на контрукцијата било изведени со глина, така што оставаат впечаток од вистински саркофази. Ориентацијата им била единствена, во поравец запад-исток.
Состојба	Освен заштитните археолошки ископувања во мај 1984 година, не се вршени други истражувања на овој локалитет. На парцелата КП 3335 освен Болницата изградени се пристапни патеки и паркинг. Во последниве години не се вршени градежни активности на овој простор, кои би придонеле за нарушување на културните слоеви.

Локалитето Зелениште не е откриен во целост и со овозможување на услови за истражување, локалитетот че се доситражи и ќе се дефинира во целост. Локалитетот поседува доволно елементи како некропола од архајски период за да се изврши негова валоризација.

Бр.2.	
Назив	Гробјанска црква Св. Димитриј
Локација	Црквата се наоѓа во северозападниот дел од градот, на карпеста падина под планината Плавуш.
Адреса	/
Катастарска парцела	КП 2414/1
Опис на содржините	Трокорабна црква со полукружна апсида на источната страна. Во дворот на црквата има камбанарија изградена во 1898 година и на југоисточната и јужната страна има тремови изградени во 1936 годин. Во дворот на црквата уште има продавница за сваќи, канцеларии, трпезарија, крстилница, базен за фрлање на кротот за Водици, чешма и капела.
Време на настанување	Црквата е изградена во 1830 година. Натписот се наоѓа на јужната фасада под кровната конструкција.
Граници на заштитено добро	КП 2414/1

Контактни зони	• на запад: дел од 2414/2, • на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП 2002/1 на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот • на југ: дел од 2414/2 со дел од патот.
Површина на доброто	1285 м^2 Земјиште под црква: 223 м^2 Помошни објекти: 274 м^2 Двор: 788 м^2
Вкупна површина на заштитеното добро	1285 м^2
Автор	/
Намена	Православен христијански храм во функција
Вредности и значење	Црквата е трокорабна градба со полукружна апсида на источната страна и кров на две води. Градена во 1830 година. Од XIX век поседува 43 евидентирани икони од непознат зограф. Југозападно од црквата во 1898 година е изградена камбанарија која во 1994 година е обновена. Од јужната и југоисточната страна во 1936 година се изградени отворени тремови кои во денешно време се претворени во канцеларии и трпезарија. Таа претставува еден пример на градба од преродбенскиот период во која во 1840 година имало ќелии на училиште, кое Полјанскиот епископ Партение Зографски, познат македонски преродбеник и печатар, го посетува во 1860 година и инсистира учениците да учат на црковно-словенски јазик. Затоа сметаме дека улогата на оваа црква во овој значаен период за нашата држава заслужува да биде ставена под заштита.

Состојба

Секашната состојба на црквата Св. Димитриј е добра и истата е во добра физичка состојба. Иако градот Валандово се наоѓа на трустно подрачје, во земјотресот од 1993 година нема некои поголеми оштетувања на градбата. Иако нема поголеми оштетувања од земјотресот, сепак на црквата извршени се некои интервенции. Во 2000 година на е сменета кровната конструкција и камениот под е заменет со керамички плочки. Ѕидовите се наново малтерисани и обоени во бела боја. Прозорците, влезната врата и мебелот во внатрешноста на црквата е заменет во 2015 година. Новите прозорци, вратата и мебелот се од дрво. Исто така на прозорците поставени се железни решетки во 1970тите години.

Сите ѕидни површини во олтарот се фреско живописани во 2011/2012 година од локалет уметник. Истиот уметник ја има насликано и фреската "Вознесение на Пресветата Богородица" на оградата од балконот во женскиот дел од црквата (нартекс). Над влезот, во истиот период е насликана и фреската посветена на св. Димитриј, патронот на црквата.

Во 1988 година е изработен и новиот иконостаст, од дрво во резба, од црковниот уметник Мишко Милановиќ, на кој се наредени престолните икони од XIX век .

Со оглед на горенаведеното има доволно елементи врз основа на кои црквата Св.Димитриј во град Валандово може да биде анализирана и валоризирана со цел да биде ставена под заштита како културно наследство.

Категоризација

Археолошкиот локалитет ,,Зелениште" – Валандово, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**

Критериумот за ова категоризација е тоа што претставува некропола од архајскиот период, со времена рамка од крајот на VI и почеток на V век пр.н.е. Каде покојниците се третирани со инхумација, со масивни гробни конструкции, градени од убаво обработени камени плочи – монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на контрукцијата било изведени со глина, така што остават впечаток од вистински саркофази.

Исто така критериум е културно-историското, научното и општетсвеното значење на археолошкиот локалитет. Археолошкиот локалитет ,,Зелениште" – Валандово, согласно категоризацијата според загрозеност, се одредува како **незагрозено културно наследство.**

Црква Св.Димитрија, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.** Критериум за оваа категоризација е архитектонската композиција на објектот, староста изразена како време на неговото настанување (за црквата 1830, камбанаријата 1898 и трпезаријата 1936 година). Исто така критериум е и функцијата на објектот што се однесува на неговата културна функција, како и културно – историското и општественото значење на објектот. Објектотцрква Св.Димитрија – град Валандово, согласно загрозеност, се одредува како - **незагрозено културно наследство.**

Режим на заштита
Режим на заштита на поединечни добра

Археолошкиот локалитет ,, Зелениште" – Валандово е со режим на заштита од втор степен, а неговата контактна зона е со режим на заштита од трет степен.

За овој археолошки локалитет, се определува режим на заштита од **втор степен,** што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници (КП 3335) претставува заштитена целина која има контактна зона. Контактната зона на ова целина е формирана од следниве катастарски парцели:

- На запад: дел од КП 3375/1
- на југ: дел од КП 3428 и дел од КП 3267/1
- на исток: дел од КП 3303/1
- на север: КП 3319/1, КП 3319/2, КП 3319/3, КП3317/1, КП3317/2 и КП 3320

Во заштитена зона и контактна зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Во заштитената зона не е дозволено:

- Засадување на земјоделски култури со корења подлабоки од 30 см.

- Градење на секаков вид градби со темелни ископи подлабоки од 30 см.
- Изведба на електрични, водоводни и канализациони цеви на длабочина поголема од 30 см.
- Партерно уредување на парцелите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потреби површински ископи.
- Поставување на урбана опрема за кои е потребно спроведување на инсталации со површински ископ подлабок од 30 см.

Сите горе наведени интервенции можат да се извршат доколку претходно се извршат заштитни археолошки ископувања со кои ќе се потврди или одбие предвидената барана интервенција на одделни парцели од локалитетот.

За црквата Св.Димитрија – Валандово се предвидува:

- Зона на ограничена (гарантирана) заштита – Режим на заштита од втор степен Црвата Св.Димитрија во Валандово, претставува објект кој поседува значајни карактеристики по својата архитектура, како и голем фонт со евидентирани икони од XIX век.

Од овие причини потребно е зачувување на постојаната (денешна) состојба на објектот. Тоа подразбира задржување во границите на постојаната парцелација и соодветен однос и почитување на надворешниот изглед на објектот, зачувување на постојаниот габарит и височина, без можност за надградба и доградба. Треба да се инсистира и на задржување на константните специфични архитектонски елчементи на фасадата, детали, орнаментација и слично.

Не се дозволува никакви интервенции во ентериерот на црквата, за било какви интервенции во внатрешноста на објектот и иконостасот, без претходно изработен конзерваторски проект и добиено конзерваторско одобрение од Управата за заштита за културното наследствоп на Република Северна Македонија

Можно е враќање на делови од ентериерот на црквата кои се изменети со вршење на интервенциите на црквата во изминатите години. Интервенциите се можни единствено во функција на статично појачување на објектот и уредување на парцелата во функција на дејнаоста, но со претходно изработен конзерваторски проект и добиено конзерваторско одобрение од Управата за заштита за културното наследствоп на Република Северна Македонија.

Истото важи и за припратните објекти во парцелата на објектот кој е предмет на валоризација, во случај на санација и изградба – истите да го сочуваат постојниот габарит и архитектонски да се вклопат во амбиентот, со ограничување на висината – максимум во венецот на црквата.

Р.бр. според графичката подлога (КП)	**Режим на заштита (степен)**	**Опис на интервенции**	**Илустрација**
КП 2414/1	Втор степен	Зачувување на постојаната / денешна состојба на ентериерот и можност за интервенции во функција на статичко појачување на објектот, и уредување на парцелата во функција на дејноста	

Контакна зона – зона на ограничена заштита

За контактна зона на локалитетот Зелениште се предвидува заштитен режим од **трет степен** кој опфаќа вршење на археолошки надзор при било каква интервенција во парцелите.

За црквата Св.Димитрија во оваа зона, согласно Правилникот се определува режим на заштита од трет степен. Според истиот, треба да се почитува следната насока:

- Ограничување во поглед на габаритот и катната височина на објектите и прилагодување на П+2.
- Во таа смисла, содржините, намените, катноста и другите параметри, можат слободно да се развиваат околу можните просторни концепции и приоди,

почитувајќи ги притоа условите дефинирани во режимот на заштита од втор степен.

- Исто така ограничува градење на објекти (сервиси, перални, складови и слично) кои би биле причинители на загадување на воздухот и почвата и би го нарушиле амбиентот околу црквата. Исто така, се ограничува поставување на големи рекламни паноа, антени и други видови на времени и трајни обележја и табли кои би го загрозиле визуелниот поглед на заштитеното добро – црквата.

Овие услови се однесуваат на контактната зона дефинирана со следните граници: На запад: дел од 2414/2, на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП 2002/1 на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот на југ дел од 2414/2 со дел од патот.

Посебни мерки за заштита

За објектот црква Св.Димитриј, потребни се дополнителни конзерваторски и историски истражувања. Потребно е документирање на доброто изработка на посебни студии за него, елаборат, подготвителни мерки во случај на вооружен судир и природни непогоди.

Потребно е да се предвидат мерки за заштита од последиците од загадување, мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитеното подрачје. Исто така потребно е зачувување на постојаната (денешната) состојба на доброто, со можност за враќање на поедини делови во првобитната состојба, доколку тоа е можно и има елементи. Потребно е означување на доброто, одредување на мерки за негово спасување во непредвидени ситуации.

Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност

Во рамки на планскиот опфат задолжително е создавање на услови за непречено движење на лицата со инвалидност со преземање на конкретни мерки:

- Површините во рамки на планскиот опфат кои се наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), кадешто карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
- Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м
- Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м

- При планирањето на елементите од уличната мрежа задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12)
- Во објектите со намена А3, како и објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско

совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

- Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички.

4.Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на ГУП, односно за изготвување на Извод од урбанистички план.

4.1. Генералниот урбанистички план е основа со која се регулира просторниот развој, организација и уредувањето на просторот во градот. Изградбата на нови објекти, како и изградбата на сообраќајници и комунална инфраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

4.2. Со овој Генерален урбанистички план се утврдуваат глобални насоки за изработка на плановите од понизок ред. Овие услови се применуваат во сите фази на разработка и реализација на Генералниот урбанистички план и претставуваат негов составен дел. Генералниот урбанистички план има непосредна примена преку понатамошна изработка и донесување на детални урбанистички планови.

4.3. Планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е организиран во 7 Урбани единици – четврти. Четвртта или урбаната единица е најголема единица на градежното земјиште која се состои од повеќе блокови и земјиште за општа употреба. Границата на четврт се совпаѓа со границите на блоковите од нејзиниот периметар.
Блокот е помала организациона единица на градежното земјиште од четвртта. Истиот се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.
Билансните показатели во рамките на планската документација содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните единици согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл.весник на РМ бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16 и бр.64/18).

4.4. Наменска употреба на земјиштето – класи на намена

Со Генералниот урбанистички план, се предвидуваат следните наменски употреби на Земјиштето:

А - Домување
А1- домување во станбени куќи
А2- домување во станбени згради
Б - Комерцијални и деловни намени
Б1- мали комерцијални и деловни намени
Б2- големи трговски единици
Б4- деловни простори
Б5- хотелски комплекси
В - Јавни институции
В1 -образование и наука
В2 -здравство и социјална заштита
В3- култура
В4 -државни институции
В5- верски институции
Г - Производство, дистрибуција и сервиси
Г2 -лесна и незагадувачка индустрија
Г3- сервиси
Г4 -стоваришта
Д - Зеленило и рекреација
Д1- парковско зеленило
Д2- заштитно зеленило
Д3- спорт и рекреација

Д4- меморијални простори
Е - Инфраструктура
Е1 комунална инфраструктура
Е2 комунална супраструктура

-Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намена кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат макскимално дозволениот процент на учество даден во Прилог бр. 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).При изработка на планови од пониско ниво се дозволува употребата на компатибилните класи на намена на ниво на блок или наменска зона.

-Доколку се појават соседни наменски зони кои се некомпатибилни помеѓу себе и кои не се раздвоени со јавна површина, да се предвидат „тампон" зони од високо зеленило за нивно разграничување. Овој услов не важи за сродните класи на намени кои спаѓаат во иста група на класи на намени.

-Учеството на групите на класи на намени В-Јавни институции и Д-Зеленило, без ограничувања може да се планира и зголемува за сметка на други намени.

4.5. Граница на плански опфат на Детален урбанистички план опфаќа дел од планскиот опфат на Генералниот урбанистички план. Истата треба да биде: рационална, економична линија на опкружување која ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (релјеф, водени токови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на блок, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.)
Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба.
Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планска документација што ја обележуваат промената на носителот на правото на градење.
Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Градежната линија може да се спроведува со дозволени пречекорувања согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.6. Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.
Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
При изработка на планови од пониско ниво да се планираат густини на домување до 100 жители/хектар кај основната класа на намена А1-домување во станбени куќи, 150 жители/хектар кај основната класа на намена А2-домување во станбени згради.
Максимално дозволените вредности на процентот на изграденост (Р), коефициентот на искористеност (К) и дозволената височина изразена во катови или метри (Н) за класите на намени А1 и А2 изнесува:
-А1-домување во станбени куќи:
(Р) до 60%, (Н)=10,2м, (П+2+Пк)
-А2-домување во станбени згради:
(Р) до 60%, (П+3+Пк) за градежни парцели до 500м²

(Р) до 60%, (П+5+Пк) за градежни парцели од над 500м²
При изработка на планови од пониско ниво, во случаите кога градежна парцела со основна класа на намена А1-Домување во станбени куќи граничи со градежна парцела со основна класа на намена А2-домување во станбени згради, разликата во планираната катност да не биде повеќе од две нивоа.
Оваа одредба не се однесува на постојните објекти со основна класа на намена А2 домување во станбени згради.

4.7. При оформување на содржините во рамките на ДУП, во потполност да се почитува и применува режимот за заштита пропишан во Заштитно конзерваторките основи со бр. (бр.09-234/5 од 21.06.2019), а составен дел од овој текст.

4.8. Согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ бр.42/01; 05/03; 58/06; 110/08; 51/11; 151/11; 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ, бр. 67/04; 81/07; 55/13; 158/14; 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ, бр.29/05; 36/11; 41/14; 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Предвидени се следните плански мерки за заштита:
- Инвеститорот во проектната документација, е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Оваа одредба ги опфаќа сите објекти, освен објекти со намена А1-Домување во станбени куќи за кои се применуваат важечки мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.
- Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изградба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Во Валандово се наоѓа противпожарна единица која е опремена со ПП возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар.
-Потребно е да се предвидат надземни (или подземни) пожарни хидранти за снабдување на ПП возила со вода за гасење.
-По однос на **заштита од природни непогоди,** објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области.
-По однос на **технолошките непогоди,** треба да бидат превземени сите мерки за заштита со изработката на проектите и премената на соодветната технологија.

4.9. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.Во градежните парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија, задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес и фекалните отпадни води, во секоја градежна парцела. Пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет до класата на реципиентот.

4.10. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово, има предложено за заштитаприродно наследство:
ПЛАТАН - Две платанови стебла *(Platanus orientalis)* кои се наоѓаат во центарот на градот, кои согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), не смее да се отстрануваат, и при изработка на планови од пониско ниво, соодветно да се означат и заштитат.

4.11. За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важи Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18)

4.12. Процентот на озеленетост е планска одредба во урб. план во рамки на градежната парцела, блокот или четврта. Процентот на озеленетост на ниво на урбана единица се добива кога ќе се соберат сите предвидени озеленувања во урбаната единица (јавно зеленило и зеленило планирано во пооделни градежни парцели).
При изработка на планови од пониско ниво, за процентуалната застапеност на зелената површина да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр.11/18, бр.42/20)

4.13. Основни параметри за уредување на просторот во делот на сообраќајот
1. Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
2. Гаражните и паркинг местата можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.
3. Јавно паркирано или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа.
4. Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи ќе се врши според актуелната законска регулатива.
5. Во подрачјето на Градот, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи
6. Колскиот пристап до градежните парцели треба да биде од секундарната улична мрежа.

4.14. Објектите од групата на намена Е-инфраструктура, кои не се планирани како наменски зони во графичкиот дел од овој ГУП може да се планираат при изработка на планови од пониско ниво при што треба да се запазат сите пропишани стандарди (сообраќајни, безбедносни, еколошки и планерски) за поставување на ваков вид објекти, согласно законската регулатива.

4.15.Во однос на донесените планови од пониско ниво:
-Доколку регулационата линија на планираната улична мрежа со овој ГУП дефинира профил на улица помал од планираниот во план од пониско ниво, планираните услови за градежните парцели и градбите продолжуваат да важат.
-Доколку регулационата линија на планираната улична мрежа со овој ГУП дефинира профил на улица поголем од планираниот во план од пониско ниво, планираните услови за градбите продолжуваат да важат, доколку регулационата линија планирана со овој ГУП не се пресекува со градежната линија.

5.Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

Урбана единица(четврт)	површина на Урбана единица (четврт) ха
УЕ1	35.33
УЕ2	26.96
УЕ3	12.72
УЕ4	21.18
УЕ5	31.32
УЕ6	18.34
УЕ7	32.56
ВКУПНО	**178.41**

УРБАНА ЕДИНИЦА 1

Урбана единица(четврт)	површина на Урбана единица (четврт) ха	Блок	површина на Блок ха
УЕ1	35.33	1.1	2.91
		1.2	5.77
		1.3	1.93
		1.4	3.27
		1.5	2.58
		1.6	2.12
		1.7	4.92
		1.8	11.84

Урбана единица 1 се состои од блоковите: 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7 и 1.8

Максимално дозволени вредности на урбанистички параметри при изработка на плански/проектни документации

1.А1-домување во станбени куќи:
(Р) 60%, (Н)=10.2м, (П+2+Пк)
густина на домување до 100 жители/хектар
2.А2-домување во станбени згради:
(Р) 60%, (П+3+Пк) за градежни парцели до 500м²
(Р) 60%, (П+5+Пк) за градежни парцели над 500м²
густина на домување до 150 жители/хектар
3.В-јавни институции:
(Р) 60%, (П+4)
4. Г - Производство, дистрибуција и сервиси:

(Р) 50%, (П+1)
5. Е2-комунална супраструктура
(Р) 60%, (П+1)

Наведените максимално дозволени вредности на урбанистички параметри не се однесуваат за постоечки објекти кои соодветствуваат со планираните намени во урбаната единица.

-Паркирањето – гаражирањето да се предвиди во согласност со важечка законска регулатива. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
-Колскиот пристап до градежните парцели треба да биде од секундарната улична мрежа.

-Вградување соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство при изработка на план од пониско ниво се врши според заштитно-конзерваторските основи
Во блокот 1.3 е евидентиран Археолошкиот локалитет ,,Зелениште" – Валандово, согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**
Археолошкиот локалитет ,, Зелениште" – Валандово е со режим на заштита од втор степен, а неговата контактна зона е со режим на заштита од трет степен.

За овој археолошки локалитет, се определува режим на заштита од **втор степен,** што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници (КП 3335) претставува заштитена целина која има контактна зона. Контактната зона на ова целина е формирана од следниве катастарски парцели:

- На запад: дел од КП 3375/1
- на југ: дел од КП 3428 и дел од КП 3267/1
- на исток: дел од КП 3303/1
- на север: КП 3319/1, КП 3319/2, КП 3319/3, КП3317/1, КП3317/2 и КП 3320

Во заштитена зона и контактна зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Во заштитената зона не е дозволено:

- Засадување на земјоделски култури со корења подлабоки од 30 см.
- Градење на секаков вид градби со темелни ископи подлабоки од 30 см.
- Изведба на електрични, водоводни и канализациони цеви на длабочина поголема од 30 см.
- Партерно уредување на парцелите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потреби површински ископи.
- Поставување на урбана опрема за кои е потребно спроведување на инсталации со површински ископ подлабок од 30 см.

Сите горе наведени интервенции можат да се извршат доколку претходно се извршат заштитни археолошки ископувања со кои ќе се потврди или одбие

предвидената барана интервенција на одделни парцели од локалитетот.

Контакна зона – зона на ограничена заштита

За контактна зона на локалитетот Зелениште се предвидува заштитен режим од **трет степен** кој опфаќа вршење на археолошки надзор при било каква интервенција во парцелите.

УРБАНА ЕДИНИЦА	**ОСНОВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ**	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
УЕ1	**А - домување**		
	А1 - домување во станбени куќи	22.31	63.14%
	А2 - домување во станбени згради	0.90	2.55%
	В - јавни институции		
	В2 - здравство и социјална заштита (здравствен дом)	1.26	3.57%
	Г - Производство, дистрибуција и сервиси		
	Г2 - лесна и незагадувачка индустрија	6.01	17.01%
	Г3 - сервиси		
	Г4 - стоваришта		
	Е - инфраструктура		
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	3.32	9.40%
	Е2 - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица)	1.53	4.33%
ВКУПНО		**35.33**	**100%**

БЛОК	**НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ**	површина (ха)	процент
1.1	**Г - Производство, дистрибуција и сервиси**		
	Г2 - лесна и незагадувачка индустрија	2.25	77.30%
	Г3 - сервиси		
	Г4 - стоваришта		
	Е - инфраструктура	0.66	22.70%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)		
ВКУПНО		**2.91**	**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
1.2	**А - домување**		26.35%
	А1 - домување во станбени куќи	0.93 / 1.52	
	А2 - домување во станбени згради	0.59	
	Г - Производство, дистрибуција и сервиси	2.57	44.55%
	Г2 - лесна и незагадувачка индустрија		

	Г3 - сервиси			
	Г4 - стоваришта			
	Е - инфраструктура			
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0.15	1.68	29.11%
	Е2 - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица)	1.53		
ВКУПНО		**5.77**		**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
1.3	**А** - домување	0.26		13.48%
	А1 - домување во станбени куќи			
	В - јавни институции	1.26		65.32%
	В2 - здравство и социјална заштита (здравствен дом)			
	Е - инфраструктура	0.41		21.20%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**1.93**		**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
1.4	**А - домување**			88.73%
	А1 - домување во станбени куќи	2.59	2.90	
	А2 - домување во станбени згради	0.31		
	Е - инфраструктура	0.37		11.27%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**3.27**		**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
1.5	**А - домување**	2.29		88.78%
	А1 - домување во станбени куќи			
	Е - инфраструктура	0.29		11.22%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**2.58**		**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
1.6	**А - домување**	1.78		84.13%
	А1 - домување во станбени куќи			
	Е - инфраструктура	0.34		15.87%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			

ВКУПНО		**2.12**	**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
1.7	**А - домување**	3.25	66.06%
	А1 - домување во станбени куќи		
	Г - Производство, дистрибуција и сервиси	1.19	24.19%
	Г2 - лесна и незагадувачка индустрија		
	Г3 - сервиси		
	Г4 - стоваришта		
	Е - инфраструктура	0.48	9.75%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)		
ВКУПНО		**4.92**	**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
1.8	**А - домување**	11.21	94.68%
	А1 - домување во станбени куќи		
	Е - инфраструктура	0.63	5.32%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)		
ВКУПНО		**11.84**	**100.00%**

УРБАНА ЕДИНИЦА 2

Урбана единица(четврт)	површина на Урбана единица (четврт) ха	Блок	површина на Блок ха
УЕ2	26.96	2.1	10.45
		2.2	6.82
		2.3	1.96
		2.4	3.32
		2.5	4.41

Урбана единица 2 се состои од блоковите: 2.1, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5

Максимално дозволени вредности на урбанистички параметри при изработка на плански/проектни документации

1.А1-домување во станбени куќи:
(Р) 60%, (Н)=10.2м, (П+2+Пк)
густина на домување до 100 жители/хектар
2.А2-домување во станбени згради:
(Р) 60%, (П+3+Пк) за градежни парцели до 500м²
(Р) 60%, (П+5+Пк) за градежни парцели над 500м²
густина на домување до 150 жители/хектар
3. Б2 - големи трговски единици:
(Р) 60%, (П+4)
4.В-јавни институции:
(Р) 60%, (П+4)

Наведените максимално дозволени вредности на урбанистички параметри не се однесуваат за постоечки објекти кои соодветствуваат со планираните намени во урбаната единица.

-Паркирањето – гаражирањето да се предвиди во согласност со важечка законска регулатива. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
-Колскиот пристап до градежните парцели треба да биде од секундарната улична мрежа.

-Вградување соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство при изработка на план од пониско ниво се врши според заштитно-конзерваторските основи
Во блокот 2.1 е евидентирана Црква Св.Димитрија, која согласно категоризацијата според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**

За црквата Св.Димитрија – Валандово се предвидува:

- Зона на ограничена (гарантирана) заштита – Режим на заштита од втор степен Црвата Св.Димитрија во Валандово, претставува објект кој поседува значајни карактеристики по својата архитектура, како и голем фонт со евидентирани икони од XIX век.

Од овие причини потребно е зачувување на постојаната (денешна) состојба на објектот. Тоа подразбира задржување во границите на постојаната парцелација и соодветен однос и почитување на надворешниот изглед на објектот, зачувување на постојаниот габарит и височина, без можност за надградба и доградба. Треба да се инсистира и на задржување на константните специфични архитектонски елементи на фасадата, детали, орнаментација и слично.

Контакна зона – зона на ограничена заштита

За црквата Св.Димитрија во оваа зона, согласно Правилникот се определува режим на заштита од трет степен. Според истиот, треба да се почитува следната насока:

- Ограничување во поглед на габаритот и катната височина на објектите и прилагодување на П+2.
- Во таа смисла, содржините, намените, катноста и другите параметри, можат слободно да се развиваат околу можните просторни концепции и приоди, почитувајќи ги притоа условите дефинирани во режимот на заштита од втор степен.
- Исто така ограничува градење на објекти (сервиси, перални, складови и слично) кои би биле причинители на загадување на воздухот и почвата и би го нарушиле амбиентот околу црквата. Исто така, се ограничува поставување на големи рекламни паноа, антени и други видови на времени и трајни

обележја и табли кои би го загрозиле визуелниот поглед на заштитеното добро – црквата.

Овие услови се однесуваат на контактната зона дефинирана со следните граници: На запад: дел од 2414/2, на север: дел од КП 2414/2, КП 2002/2 и КП 2002/1 на исток: КП 2002/2, КП 2412, КП 2415/1, КП 2415/2 со дел од патот на југ дел од 2414/2 со дел од патот.

УРБАНА ЕДИНИЦА	**ОСНОВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ**	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
УЕ2	**А - домување**		
	А1 - домување во станбени куќи	20.38	75.59%
	А2 - домување во станбени згради	0.98	3.64%
	Б - комерцијални и деловни намени		
	Б2 - големи трговски единици	0.31	1.15%
	В - јавни институции		
	В1 - образование и наука- основно образование	1.75	6.49%
	В4 - државни институции	0.23	0.85%
	В5 - верски објект (црква)	0.13	0.48%
	Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори		
	Д4 - меморијални простори (гробишта)	0.63	2.34%
	Е - инфраструктура		
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	2.55	9.46%
ВКУПНО		**26.96**	**100%**

БЛОК	**НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ**	површина (ха)	процент
2.1	**А - домување**	9.04	86.50%
	А1 - домување во станбени куќи		
	В - јавни институции	0.13	1.24%
	В5 - верски објект (црква)		
	Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори	0.63	6.03%
	Д4 - меморијални простори (гробишта)		
	Е - инфраструктура	0.65	6.23%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)		
ВКУПНО		**10.45**	**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
2.2	**А - домување**	6.23	91.33%
	А1 - домување во станбени куќи		

	Е - инфраструктура	0.59		8.65%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**6.82**		**99.98%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
2.3	**А - домување**	1.70		86.85%
	А1 - домување во станбени куќи			
	Е - инфраструктура	0.26		13.15%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**1.96**		**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
2.4	**А - домување**			
	А1 - домување во станбени куќи	2.29	2.55	76.85%
	А2 - домување во станбени згради	0.26		
	Б - комерцијални и деловни намени	0.31		9.34%
	Б2 - големи трговски единици			
	В - јавни институции	0.06		1.81%
	В4 - државни институции			
	Е - инфраструктура	0.40		12.00%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**3.32**		**100.00%**
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
2.5	**А** - домување			41.72%
	А1 - домување во станбени куќи	1.12	1.84	
	А2 - домување во станбени згради	0.72		
	В - јавни институции			43.53%
	В1 - образование и наука - основно образование	1.75	1.92	
	В4 - државни институции	0.17		
	Е - инфраструктура	0.65		14.75%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**4.41**		**100.00%**

УРБАНА ЕДИНИЦА 3

Урбана единица(четврт)	површина на Урбана единица (четврт) ха	Блок	површина на Блок ха
УЕ3	12.72	3.1	12.72

Урбана единица 3 се состои од блок: 3.1.

Максимално дозволени вредности на урбанистички параметри при изработка на плански/проектни документации

1.А1-домување во станбени куќи:
(Р) 60%, (Н)=10.2м, (П+2+Пк)
густина на домување до 100 жители/хектар
2.А2-домување во станбени згради:
(Р) 60%, (П+3+Пк) за градежни парцели до 500м²
(Р) 60%, (П+5+Пк) за градежни парцели над 500м²
густина на домување до 150 жители/хектар
3. Б1 - мали комерцијални и деловни намени:
(Р) 70%, (П+1)
4. Б5 - хотели:
(Р) 60%, (П+5)
5.В-јавни институции:
(Р) 60%, (П+4)

Наведените максимално дозволени вредности на урбанистички параметри не се однесуваат за постоечки објекти кои соодветствуваат со планираните намени во урбаната единица.

-Паркирањето – гаражирањето да се предвиди во согласност со важечка законска регулатива. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
-Колскиот пристап до градежните парцели треба да биде од секундарната улична мрежа.

-Вградување соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство при изработка на план од пониско ниво се врши според заштитно-конзерваторските основи

УРБАНА ЕДИНИЦА	**ОСНОВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ**	површина (ха)	процент на учество во однос на површината на плански опфат
УЕ3	**А - домување**		
	А1 - домување во станбени куќи	8.40	66.04%
	А2 - домување во станбени згради	0.84	6.60%

	Б - комерцијални и деловни намени		
	Б1 - мали комерцијални и деловни намени	1.11	8.73%
	Б5 - хотели	0.19	1.49%
	В - јавни институции		
	В3 - култура - дом на култура	0.45	3.54%
	В4 - државни институции	0.61	4.80%
	В5 - верски објект (црква)	0.06	0.47%
	Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори		
	Д1 - парковско зеленило	0.27	2.12%
	Е - инфраструктура		
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0.79	6.21%
ВКУПНО		**12.72**	**100%**

БЛОК	**НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ**	површина (ха)		процент
3.1	**А** - домување			72.63%
	А1 - домување во станбени куќи	8.40	9.24	
	А2 - домување во станбени згради	0.84		
	Б - комерцијални и деловни намени		1.30	10.22%
	Б1 - мали комерцијални и деловни намени	1.11		
	Б5 - хотели	0.19		
	В - јавни институции		1.12	8.80%
	В3 - култура - дом на култура	0.45		
	В4 - државни институции	0.61		
	В5 - верски објект (црква)	0.06		
	Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори	0.27		2.12%
	Д1 - парковско зеленило			
	Е - инфраструктура	0.79		6.23%
	Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)			
ВКУПНО		**12.72**		**100.00%**

УРБАНА ЕДИНИЦА 4

Урбана единица(четврт)	површина на Урбана единица (четврт) ха	Блок	површина на Блок ха
УЕ4	21.18	4.1	8.23
		4.2	6.72

		4.3	2.99
		4.4	3.25

Урбана единица 4 се состои од блоковите: 4.1, 4.2, 4.3, 4.4

Максимално дозволени вредности на урбанистички параметри при изработка на плански/проектни документации

1.А1-домување во станбени куќи:
(Р) 60%, (Н)=10.2м, (П+2+Пк)
густина на домување до 100 жители/хектар
2.А2-домување во станбени згради:
(Р) 60%, (П+3+Пк) за градежни парцели до 500м²
(Р) 60%, (П+5+Пк) за градежни парцели над 500м²
густина на домување до 150 жители/хектар
3. Б1 - мали комерцијални и деловни намени:
(Р) 70%, (П+1)
4. Б2 - големи трговски единици:
(Р) 60%, (П+4)
5.В-јавни институции:
(Р) 60%, (П+4)
6. Г - Производство, дистрибуција и сервиси:
(Р) 50%, (П+1)
7. Е2-комунална супраструктура
(Р) 60%, (П+1)

Наведените максимално дозволени вредности на урбанистички параметри не се однесуваат за постоечки објекти кои соодветствуваат со планираните намени во урбаната единица.

